СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 1995 година

Скопје, мај 1995 година

## I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 19-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 18 МАЈ 1995 ГОДИНА


1. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - 1
2. БОЈКОВ ИВАН - 48
3. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ - 52, 54
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 77, 79
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 103, 108
6. ДИМОВ ЛАЗАР - 57, 60
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 50
8. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 121
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 99
10. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 33, 35, 93
11. МИНОВ ПАНЧЕ - 43, 45, 87, 88
12. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 36, 42
13. ПОПОВСКИ ДИМИТРИЈА - 10, 55
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 17, 80
15. РАМАДАНИ ХИСЕН - 12, 61, 63
16. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 15, 17, 46, 115
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 27, 33, 41
18. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР-47
19. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 22, 112
20. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 42, 75
21. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ - 100
22. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 2, 9, 30, 58, 62, 63, 65, 66
23. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 97
24. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 25, 85

т.2-стр.1
т.3-стр.67
т.4-стр.69
т.5-стр.70
т.6-стр.72
т.7-стр.73
т.8-стр.75
т.9-стр.120
т.10-стр.122
т.12-стр.123
т.13-стр.123
т.14-стр.124
т.15-стр.125
т.16-стр.125
т.17-стр.126
т.18-стр.127
т.19-стр.127
т.20-стр.128
т.21-стр.129
т.22-стр.129
т.23-стр.131
т.24-стр.131
т.25-стр.132
т.26-стр.133


./.

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 18 мај 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Славко Котевски, Зоран Крстевски и Стојан Андов најавија отсуство од оправдани причини.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на **<u>втората точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог на закон за основаше на Центар за образование на кадри од областа на безбедноста.</u>

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, мислењето на Универзитетската управа на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" и ставовите на Наставно - научниот совет на Факултетот за безбедност, ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 328 од Деловникот на Собранието, Комисијата за образование и наука и Комисијата за политички систем предлагаат овој закон Собранието да го претресе како Нацрт на закон од причините изнесени во Извештајот на комисиите.

Кој е за Предлогот на комисиите, молам да крене рака?

19 гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на комисиите не е усвоен.

I/2.- СП-ВБ

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Љубомир Фрчковски, министер во Владата на Република Македонија.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство, мотивот за овој краток воведен збор околу Законот за Центарот за образување кадри од областа на безбедноста пред се го гледам во тоа што предизвика на некој начин како и останатиот дел на корпусот на закони кои се однесуваат директно или индиректно на реформата на Министерството за внатрешни работи и неговата позиција во целината на системот контроверзии, различни стојалишта, пред се заради тоа што реформата која се изведува со овој закон задира, условно да кажам, до коска, оди односно задира во интересите на групите во нашето општество, во еден дел од тие групи, имено, реформата по наше мислење, по мислеше на Владата е стварна и оттаму предизвикува нормални реакции.

Овој закон не е можеби во оној централен дел кој ја носи реформата на МВР, но претставува еден мошне важен сигнал и знак за општата позиција на Министерството во целината на системот и заради тоа тој претставува интегрален дел од таа реформа. Тоа се однесува пред се на регулирање на еден дел на класичното средно образование за потребите на безбедноста во Републиката она класично средно училиште приспособено за потребите на МВР, но вториот дел кој предизвика можеби најголеми контроверзии се однесува на укинуваше на еден факултет кој беше формиран со овој закон. Имено, тука е центарот фактички на реформскиот потез кој со овој закон се прави, се укинува една неприродна врска на МВР или дел на најегзекутивната власт со еден факултет кој не е полициска академија туку е факултет. Неприродна врска која од почетокот беше создадена на идеолошки план со едно контроверзно создавање и октруирање на овој факултет во

рамките на сосема друг систем за потребите на сосема друг круг на корисници секако без мислење на Универзитетот во Република Македонија во процедура во која практична се октруира таквиот ентитет во Републиката. Врската која е во секоја ситуација неприродна и не му прилега ниту ан факултетот ниту на МВР е упатеноста на овој факултет на МВР во целина на своето функционирање. Упатеност која не може да се брани со ниедна позиција, со ниту една демократска лексика и упатеност која му дава на министерот за внатрешни работи и на Министерството исклучителни овластувања во однос на факултетот кој секако во реформскиот потез кој Владата го прави во рамките односно во МВР и неговата позиција не може да се брани ниту принципиелно ни теориски ни практично.

Факултетот во рамките вака како што е поставен со овој стар закон создава обврска односно овластувања на министерот за внатрешни работи практично да прави што сака со тој факултет од членот 29 од стариот закон односно утврдување на бројот на студентите од 0 до бројот кој тој ќе го најде за сходно, членот 18 дефиниран е на програмите на наставата и наставните предмети кои се предаваат на факултетот, членовите 50 и 51, а тоа е финансиската и секоја друга контрола на работата на факултетот, членот 41 и обврската да се вработуваат сите дипломирани студенти од тој факултет, членот 28 односно можноста на министерот да ја мобилизира целокупната студентска популација на факултетот и да формира посебна единица од неа, да упати на вежба или да ја користи во рамките на потребите на МВР, членот 20 односно користење на сите научни материјали дојдени од факултетот мора да одат со согласност на министерот за внатрешни работи. Врска која е срцева мана односно логика која била поставена на почетокот, така бил дизајниран овој факултет од почетокот, меѓутоа, кој не може да постои во денешниот опсег од ниту една причина со ниту една последица која ја предизвикува.

Ние, на овој начин, развластувањето на МВР кој со овој закон го правиме и комплетно прекинување на врската со ваквиот ентитет ваквиот факултет на ниеден начин Министерството не се меша во автономијата на Универзитетот во Република Македонија и можноста тој универзитет да го формира овој ист факултет веднаш утредента од неговото укинување или веќе да почне постапка за негово формулираше. Ние во тоа воопшто не се мешаме ниту имаме намера да се мешаме ниту имаме компетенции во тоа. Она што со овој закон се прави се прекинува неприродната врска која еден факултет ја има со МВР. Тоа и само тоа. На ниеден начин не ја спориме можноста општеството пошироко да процени дали му требаат кадри од овој тип, од некој друг тип, веднаш по тоа во процедура нормална законска процедура за формирање на институти, факултети во рамките на онаа автономија која е дизајнирана со Уставот и законите да биде создаден институт, факултет или било што друго што Универзитетот ќе најде за сходно да создаде на начин и процедура предвидена со закон. Но, она што не може да опстои и што не може од нас да се бара да одржиме, а тоа е да одржиме ваква неприродна врска на една научна установа и МВР. Им се заблагодарувам на реформаторите кои се обидуваат бранејќи го статус квото фактички да ги одржат моите овластувања во однос на факултет. Јас не сакам такви овластувања односно МВР не сака таквите овластувања да ги има.

Втората аргументација на која се заснива нашето мислење дека треба овој факултет сепак да престане на овој начин на кој е формулиран овој закон, само тоа, е што тој нема, според наше мислење, основа за постоење за потребите на МВР, во кадарот кој го продуцира. Тоа е вториот битен пилар битна основа на која сметаме дека факултетот треба да Се укине, а тоа е дека нема потреба МВР од институција која во четири годишни студии ќе продуцира кадри за потребите на Министерството. Таа потесна елаборација ја дадовме во образложен-

I/5.-

ието на законот и тука не би се повторувал, имавме на увид, она што сакав да кажам глобално е дека ориентацијата на Министерството е високите стручни кадри кои во Министерството се предвидени со актот на систематизацијата имено да повторам сите високи стручни места за кои се потребни високошколски стручни кадри не се предвидени ниту зависат од постоењето на факултетот за безбедност, туку се предвидуваат со систематизацијата на актот. Таму се предвидува кои стручни места се бара високошколска стручна спрема, а за кои средна стручна спрема. За оние за кои се бара висока школска стручна спрема се предвидуваат факултети од кои тие ќе се регрутираат. Тука секогаш има три-четири факултети на избор меѓу нив сега нема да го има Факултетот за безбедност или криминалистика. Само тоа е променето. Ниту се менува структурата на високо- школскиот стручен кадар на Министерството ниту на било кој начин тоа се одразува наместо високошколски стручни кадри како што постоеше една лажна аргументација за можниот пад на високошколските стручни кадри во Министерството ниту тоа воопшто зависи од укинувањето на Факултетот за безбедност. Тоа се места кои се предвидени со систематизацијата. Оние места за кои со систематизацијата е предвидена средна стручна спрема тоа не зависи од факултетот дали ќе се подигне или намали, таа едноставно ќе остане таква затоа што за тие места ги вршат лица кои завршиле средна стручна подготовка. Во таа смисла ниту степенот на криминалот на било кој начин зависи од постоењето на факултетот за безбедност,имено од 20-те раководни луѓе во Министерството дали еден или двајца се со завршен факултет за безбедност и во структурата на Министерството е многу мал број на луѓе кои завршиле факултет за безбедност така што нивното влијание таман работа зависи од нив општата борба на Министерството или нивото на одржувањето на криминалот на ваква ниска стапка зависи од степенот на криминалистите во МВР. Тоа е едноставно еден обид за одбрана на статус квото кој не

само што не држи никаков аргумент, туку нема никаква смисла.

Она за што Министерството се ориентира во доусовршувањето на своите високошколски стручни кадри кои ќе ги прима е додатни специјализации во областа на криминалистиката, во областа на командувањето за оној дел за високошколските стручни кадри кои се во униформа. За тоа во МВР не мисли да формира посебна институција ниту посебен факултет ниту полициска академија, туку на начин на кој во голем број земји со овој број на жители се предвидува, тоа се школски центри и центри за обука или користење на пазарни односи со други факултети за досовршување за потребите на МВР за што МВР би склучувало договори со тие факултети и институти и би плаќало за тоа.

Исто така, тука останува опцијата за еден ваков опсег на Министерството кој не е голем и за меѓународна помош и размена во областа на едукацијата на кадрите со неколку полиции за кои имаме договори потпишано. Во таа област, земајќи ги предвид овие две клучни аргументи, по мое мислење, кои длабоко стојат за потребата од укинување на оваа институција со овој закон така како е поставена, за жал, на таа расправа се налепија на некој начин политички квази реформски аргументи и политички структури кои како што тоа обидува во расправата за реформата во МВР и добија политички дополнителни димензии. Имено, еден дел од политичките структури ја бранеа со аргументација дека тоа претставува проширување односно раширување на овластувањата на МВР да укинува факултет фактички ја бранеа најсилната позиција на МВР во однос на било кој факултет воопшто. Имено, ги бранеа сите овие овластувања кои министерот ги има, покривајќи го со една неодржива аргументација дека тоа претставува намалување на овластувањата или обратното барање на укинување на тие овластувања е проширување на овластувањата. Тоа е една невозможна логичка конструкција, во секој случај една празна реторика реформска која лесно можеше да се обори. За жал контроверзно

мислење добивме во оваа расправа и од Ректоратот на Универзитетот. Постои едно правно правило кога се менува или укинува правен процес. Тој се укинува и менува во постапка и начин со кој е донесен. Тоа е основното правно правило. При донесување на законот оној стариот закон и формирањето на овој факултет не е констатирано мислење од универзитетот Кирил и Методиј. Тој е донесен, октроиран без негово мислење и сосема правно одрживо е неговото укинување и менување без мислење на Ректоратот на Универзитетот, но во таа смисла немаме ништо против таквото мислење, на против, тоа може да придонесе во расправата за потребата од ваквата институција, меѓутоа, морам да кажам многу бизарно е разбирањето на автономијата на Ректоратот на Универзитетот доколку таа автономија , се разбира, како одржување на факултет со вакви силни овластувања на МВР во однос на него. Таквото контроверзно разбирање на автономијата подразбира рушење на автономијата како таква.

Исто така стручното мислење кое недостасува секако за потребата од постоење на ваков факултет се заменува со упатување на одлагање на укинувањето, донесувањето на овој закон, до новите закони за Универзитет и научно - истражувачка дејност што исто така нема никаква врска со логиката на постоење на факултетот. Законите за Универзитетот и научно - истражувачката дејност ги даваат основите на кои во принцип се формира универзитет и било кој факултет. Тој не одговара на прашањето за постоење на конкретен факултет, тоа повторно ќе остане прашање кое треба да го расправа Владата со закон со кој тој факултет се создава. Спрема тоа Законот за Универзитетот директно нема никаква врска со логиката на постоење на факултетот. Оттаму сметаме дека' факултетот ваков каков што е формиран со ваков закон е неопходно да се укине, на ниеден начин немашајќи се во автономијата на Универзитетот токму овозможувајќи ја таа автономија на

најдиректен начин немешајќи се во автономијата на Универзитетот токму овозможувајќи ја таа автономија на најдиректен начин го формира истиот факултет веднаш после тоа во постапка и начин како што се формираат факултети. Значи, ние прекинувајќи ја оваа неприродна врска со МВР овозможуваме до крај да дојде до израз автономијата на Универзитетот во формирањето на факултетот на најдиректен начин и на најпроцедурално правен оправдан начин.

Логично би било од Универзитетот да инсистираат на обратното ваквиот факултет, ако го сметаат за свој, се прекине или се укине на начин на кој е формиран во врска со МВР и веднаш по тоа се формира на нормален начин преку елаборат и постапка водена од Универзитетскиот совет или од институциите на Универзитетот. Тоа би било логично, тоа би било одбрана на автономијата на Универзитетот и за тоа ние воопшто не правиме никакви пречки токму ја овозможуваме токму таа автономија на Универзитетот. Но, очигледно се работи за лобирање кое нема никаква врска со позицијата на автонономен универзитет или автономија или принципот на автономија на Универзитетот. На тој начин слушнавме, исто така уште една контроверзна дека уписот на студенти на факултетот за безбедност може да мирува.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:** /продолжение/

Значи, не е важно што нема да има студенти, односно не е важно што сите други аргументи што се кажани, за стручност, за потребата од борба против криминалот се фрлаат сега на страна бидејќи нема студенти. Нека мирува уписот само факултетот да преживее. Уште едно крајно нецринципиелно залагање, залагање кое не може да се брани доколку принципите на автономија или принципите на некои други, освен голото лобирање стои зад оваа иницијатива. Во таа смисла дел од целината на реформата на позицијата МВР во системот бара нужно прекинување на оваа бизарна врска воспоставена идеолошки во еден друг систем и на други потреби, без консултација со автономните универзитетски позиции во тоа време, опструирање на една структура која служела за сосема други цели, значи прекинување на таа врска со Министерството на МВР се создава апсолутно отворена можност центрите односно Универзитетот да процени на начин и во оставка каква што е логична и законита за секој факултет. Потребата од општествената, поширока потреба од постоење на ваков факултет затоа што ние немаме компетенции да процениме, имаме дадено само наше мислење и евентуално во постапка да го формира овој факултет или институт, или што сака друго.

Во преодните и завршни одредби на овој Закон се даваат можности во кои максимално се заштитува егзистенцијалната позиција на колегите кои работат на овој факултет. Имено, се остава можност во еден преоден период да се дозавршат студиите на студентите кои таму студираат без било какво биолентно прекинување на студиите. До 1999 година односно со амандманите сега до 2002 година гасне факултетот има 7 години да го формира ако сака повторно факултетот. И да формира што сака од него. Ако во тој период не успеа да ја реализира

својата автономија односно да го изрази својот став за потребата од ваков факултет тогаш Министерството за МВР не може да помогне. На крај- краишта ние вградивме одредба по која и во таква ситуација, значи и после 7 години доколку не се формира друга научна институција од институтите кои се за тоа задолжени, вработените од сегашниот факултет за безбедност стануваат вработени во МВР. Повеќе од тоа ние не можеме да направиме и повеќе од тоа не знам што можеше да се направи. Но, не може од нас да се бара да отстапиме од реформата и да браниме нешто што не може да се брани. Тоа се овластувања на МВР во однос на една високошколска установа од ваков вид. Тоа од нас не може никој да го бара. Нека повелат на начин на кој се формира факултет нека го формираат истиот факултет.

Оттаму сметам дека законот вака како што е предложен преставува израз на еден реформски курс на Министерството, доследен недемагошки, доследен бидејќи реално го развластува и го лоцира МВР на она место кое него му припаѓа во системот. Ни повеќе, ни помалку

Мислам дека ваков каков што е предложен Законот ќе повелете да го изгласате.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потрептседателе, дами и господа пратеници,

Излегов на говорницата да искажам од кои причини Комисијата за образование и наука го предложи предлогот овој закон да се разгледува како нацрт. Многу дилеми, отворени дилеми произлегоа за тоа дали Закон што регулира средно образование може да биде причина да се укине постоење на еден факултет. Многу нејаснотии има во самото создавање на тој факултет. Ние сме сите свесни дека е создаден во едни поинакви услови и за поинакви потреби. Меѓутоа, како да се заборава фактот дека тој факултет во овој момент е членка на универзитетот

"Свети Кирил и Методи" . Сега што правиме. Апсолутно ги прифаќаме образложувањата на г-динот министер за се она што го зборувам за не природната врска и за неприродното постоење во овој момент. Ние на тоа не опонираме, меѓутоа нашето барање е само да се овозможи на институциите кои се одговорни за образовниот процес да имаат време да се произнесат. Токму тоа што се бара сега, а не да излеземе сега едноставно со надгласување, Ова ми личи едноставно на надгласување. Зошто? Не може да не ни се наметне едно елементарно прашање сега, а тоа е дали утре нема да му падне на памет на министерот за здравство да напише закон за школување на кадар во средно образование во здравството, техничари, забари, сестри, братови итн. и едновремено да бара укинување на Медицинскиот факултет затоа што има многу лекари невработени. Овој пример може да се земе и за министерот за стопанство. Да напише закон за центар на кадри во економијата, економските училишта и да бара укинување на економскиот факултет. Многу економисти има во нашава земја. Од тие причини ние само предлагавме да се даде можност Универзитетот токму она што го бара г-динот министер точно да се произнесе за потребите и да се оцени економската оправданост постоењето на тој факултет. Да не навлегуваме сега во тоа како стана членка на Универзитетот. И тоа е неприродно. Не бараше мислење од Универзитетот, по налог е направен тој факултет, меѓутоа стана членка на Универзитетот. Г-динот министер искажа дека се загрозува автономноста на Универзитетот. Не ние велиме дека овој начин не се загрозува, туку бараме по прав начин, во сите образовни институции на нашава држава да ода нормално тој процес. И онака запишувањето, или тој факултет мирува. Ама, мирува, да потсетам, не по барање на Универзитетот, по личен налог на г-динот министер. Не бараше Универзитетот да не се запишуваат студенти во

прва година. Ова ќе биде треба година како не се запишуваат студенти. Ние и понатаму стоиме зад тоа да мирува уписот на студентите, меѓутоа опстојувањето на факултетот да се сочека. Па не е"нож под грло" за два месеца да го донесеме тоа.

Него разбрав г-динот министер во својата изјава за квази рефпрматори. Дали г-динот министер квази реформатори ги смета неговите*"колеги од факултетот, затоа што Универзитетската управа, не Ректоратот, туку Универзитетската управа даде сугестија што Комисијата за поддржа. Таа е сугестијата од која што произлезе и заклучокот на Комисијата".

И, сега што ќе се случи. Со носење закон за средно образование укинуваме една високошколска установа, Факултет. Во завршните одредби широкоградо се нудат услови за луѓето, 16 доктори на науки ќе разбегаат од таму, затоа што ќе бидат, сигурен сум прераспоредени на места кои што не одговараат на нивната стручна подготвеност. Навистина, голема дилема постои за тоа, а во овој момент не е дадена можност со изгласувањето да оди како предлог и денес да се усвои тоа се пресечува и едноставно луѓето се оставаат на цедило.

Благодарам за вниманието.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани колеги,

Јас се обидов да размислувам за оваа проблематика откако се отвори како процедура во Собранието од неколку други причини. Можам да речам дека некои акценти кои ги слушам во дискусијата со нив јас лично не сум оптоварен.

Првото мое прашање беше следното: дали на општеството и натаму ќе му треба кадар специјализиран од аголот на криминалистичките сфери. Јас со сиот почит спрема мислењето, ставот и верувам

аналитичката опсуда на министерот дека Министерството е лимитирано со потребите кои што од овој кадар можат да бидат од полза; дека Министерството не смее да се затвори во смисла на изборот на своите кадри со профили од сите сфери; дека има шанси и можности за нивна специјализација и на друг начин итн. Особено сум согласен со оној дел на ставот на Министерството и на определбата на самиот министер дека Министерството и овој факултет не смеат да бидат во непосредна врска. И особено се залагам за тоа. Ако на општеството ваков вид профили на кадри му треба тоа треба да биде дел на образованието во редовниот систем на високото образование. Затоа мислев сега дали е подобра метода ова што ја предлага министерот Универзитетот веднаш со укинувањето на овој факултет со овој Закон со свој научни состави и институции ги проучи можностите и потребите и на база на тоа донесе заклучок и му предложи на Собранието и на Владата евентуално солуција за формирање на таков факултет.

Или можно е и ова. Пред да се укине факултетот овие анализи да се направат во соодветните научни институции и на тој начин истовремено ги решиме прашањата. Значи, треба или не треба и ако треба едноставно се префрлува во редовниот систем на високото образование. Се разбира, уште еднаш повлекувам со тоа што никаква врска Министерството со тоа да нема, а Министерството и да даде свое мислење односно и Владата за евентуално формирање на таков факултет при Универзитетот, а и евентуално да каже дека тие кадри кога ќе му требаат на Министерството", тогаш ќе објави конкурс слободно ќе конкурираат тие што за такво нешто се специјализирале во редовната институција. Тие беа првите мои мотиви.

Вториот мотив беше, зошто мислев дека треба да се размисли во овој закон дали да се реши и едното и другото, мислам и формирањето на средното образование за образование на вакви кадри и укинувањето

на факултетот. Другата причина, за што сепак во меѓувреме овој факултет стана членка на Универзитетот. Овде има една, историски јас памтам контроверзија. Прво самиот Универзитет беше против факултетот после го прими условно, или не знам како, по кои услови затоа што не знам кој е правно лице дали центарот или Факултетот, па според тоа каков член е таму факултетот ако не е правно лице, но тоа е друга тема не сум упатен во тоа , но сега го прими и бидејќи стана членка на Универзитетот да не испадне дека ние како Собрание одлучуваме мимо мислењето на Универзитетот за работи кои што веќе се во негов состав. Во смисла на некоја си општо заштита на автономијата на Универзитетот независно од тоа, од наши да кажам субјективни проценки.

Тие беа главно двата мотива зошто јас се обидов на два начина евентуално ова прашање д асе реши, односно три заедно со законот Или Законот да се донесе таков каков што е , или да се прими оваа солуција што Собранието не ја прифати, законот да се разглед сега како нацрт, или пак евентуално да се усвои само оној дел на законот кој што се однесува на средното образование. Тоа е и мојот амандман.

Делот што е во завршните одредби, а значи укинување на факултетот да се сочека конечното мислење на ректоратот, сенатот или кој треба да каже такво мислење.

По мое мислење ние денеска сме исправени пред еден факт. Министерството и Владата не се спремни и натаму да ја толерираат оваа состојба на недореченост и не дозаокруженност на ова прашање. Факултетот не работи бидејќи не прима студенти, односно работи со оние што преостанале, а постои. Според тоа, мора да се пресече. Јас сум за тоа, јас ја делам загриженоста на министерот да не може тој товар и натаму да го носат Министерството и Владата, а институцијата да не постои. Бидејќи и овие што досега дале реагирања со други предлози не

гледам релевантни аргументи и напори за да веднаш се пристапи кон остварување. Според тоа се уште ми изгледа тоа како нешто ова не примаме, меѓутоа друго не даваме. Сакам да кажам дека тоа ми беа мотивите зошто јас се обидов колективно да размислуваме како било решението и ако не се прими другата солуција денеска решиме само со средното образование, а за високото да го забрзаме процесот на*'заокружување на ставот и мислењето на Универзитетот, тогаш немаме друг излез освен да го прифатиме законот.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, во Комисијата за политички систем како што видовте од извештајот донесовме одлука овој закон да е расправа како предлог - нацрт на закон. Со мнозинство гласови беше усвоен таков став. Практично ние го разгледувавме тој закон како Нацрт на закон и дадовме свои мислења кои беа внесени во Извештајот од Комисијата.

Ги слушнавме аргументите од министерот во неговото излагање и сметам дека тие аргументи навистина држат од аспект дека овој факултет за безбедност е формиран во она време, знаеме ќе време беше и како е формиран, без консултации на јавните институции, јавноста и практично ова претставува еден начин Министерството за внатрешни работи да се огради од одредени ингеренции што ги има према овој факултет. Имено почнувајќи од вработувањето на завршените студенти, па преку други ингеренции од аспект на промена на наставниот план, дури и директно мешање во самата организираност на факултетот. Сметам дека тие аргументи стојат. Односно министерот ја протежира тезата дека овој факултет треба да се укине бидејќи не била консултирана јавноста односно јавните институции во тоа време. Меѓутоа, токму истата теза за протежира министерот и во однос на

укинување на овој факултет што значи дека се форсира тезата дека треба законски со регулатива од Министерството да се укине факултет, без консултации на јавните институции односно на јавноста. Сметам дека за тезата јасно знаеме што е, меѓутоа еден ваков начин претставува преседан во нашиот систем да едно министерство си зема право без разлика на сите претходни закони според кои е форми- ран тој факултет, си зема за право да укине еден факултет кој веќе е легитимен член на Универзитетот "Св. Кирил и Методи".

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ: (**продолжение)

Сметам дека би било целисходно еден ваков закон да не се усвои денес од аспект што треба да се земат во предвид сите јавни мислења на јавноста мислењето на Универзитетот, мислењето на другите институции кои се директно и индиректно инволвирани во овој проблем а никој нема против да постигне центар за средно образование, како што е кажано и во Законот е потребно од аспект на задоволување на кадри потребни за Министерството за внатрешни работи.

Мислам дека мислењето на Универзитетот, мислењето на Министерството за образование и тоа како се битни мислења од аспект на егзистенцијата на еден ваков факултет, од потребата на вакви кадри, кои сигурно не се потребни само за Министерството, туку и пошироко. Во случајов ако Министерството како аргумент го имаше фактот дека овие кадри веќе немаат место да се вработат во Министерството, мораше на еден таков состанок, на еден таков собир да се презентира едно такво мислење и во согласност со другите институции да се даде едно заедничко мислење од аспект на натамошно постоење на овој факултет. Сметам дека едно вакво еднострано мислење едностран закон, предлог закон за укинување на институција, не само што претставува преседан во нашиот сегашен систем, туку може да стане и пракса.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас во суштина мислам дека преголема политичка тежина дадовме на овој закон, мислам и дека претерано голема полемика се води во јавноста иако не ја потценувам ни законот ни институцијата која се доведува под прашање со законот и тоа мислам дека целата работа во основа се исполитизира,

иако јас лично немам црно бела слика за оваа работа. Напротив, мислам дека аргументацијата е исцрпена, мислам дека во основа не само на оваа парламентарна говорница и по комисиите, туку пошироко во јавноста во последниве месец дена, па дури и пред една година кога овој закон беше во Собрание, меѓутоа не го доживеа гласањето. Се исцрпе аргументацијата и мислам дека ферски е секој од нас да каже дека црно-бела слика не постои, дека има аргументација и за тоа дека овој закон треба да има поинаква физиономија во насока на претходниот закон. Меѓутоа, има и аргументи дека овој закон треба да има токму ваква физиономија и мислам дека сме доведени во една позиција буквално да ставиме на вага колку аргументи има контра и во такви услови да одлучуваме. Јас лично сум убеден дека не би било ништо погрешна одлука на Собранието до колку овој закон би се донел. Не би била погрешна одлука на Собранието, би се донел законот во ваква форма како што е предложен од Владата и воопшто не мислам дека некое министерство или Владата си дозволува, односно не си дозволува да укине факултет и тн. Напротив, мислам дека ако таков вокабулар користиме дека би било фер да кажеме овој Парламент ќе си дозволи да не укине да го остави или да го укине, пошто Владата само предлага и ништо повеќе. Овој Парламент е оној кој на крајот на краиштата одлучува. Дури јас не би се согласил релативно земено и со оценките на министерот овде искажани дека сега тоа значи некакво продолжување на реформата итн. туку напротив јас мислам дека реформата што ова Собрание , мислам разговараме за собраниска надлежност и во таа на-сока го гледам излагањето на министерот, ова Собрание го кажа она што го имаше во врска со реформата на Министерството за внатрешни работи во основа на една од претходните седници. Сето ова друго треба да го сфатиме не како продолжување на реформата, туку како нешто логично што следува од она што го донесовме како реформа во

Министерството за внатрешни работи во законодавна смисла, а се разбира дека надлежноста после тие закони продолжува да останува и во Владата и во министерството и кај претседателот на Републиката во насока на остварување на таа реформа. Овој проект го гледам како едно логично продолжување на тоа што го почнавме и иако има аргументи и за, и против, мислам дека не би било опортуно да се донесе. Тука имаше некаква аргументација, на пример, која не би прифатиле систем на просто надгласување. Мислам дека тоа е превулгарно кажано систем на просто надгласување, на крајот на краиштата сите ние седиме овде, заради тоа што на изборите сме добиле со систем на просто надгласување од страна на граѓаните во наша корист или во туѓа корист и тн. Тоа е метод на спротивставување на аргументација и на крајот на сопствено гласање по сопствено убедување.

Инаку, мислам дека можеби треба да се размислува во насока кога овој закон го разгледуваме во она што Владата го нуди да се направи некаква паралела со образованието на кадрите во сферата на одбраната и во сферата на безбедноста на државата, а тоа значи во армијата и во МВР , или само во полицијата каде има средно, каде има високо образование, или само средно, или само високо и можеби тука се потребни некои паралели и сега образложуваме да ненавлеземе во компетенциите на друг закон. Меѓутоа , можеби и беа потребни некои такви да кажеме компарации, што е потребно и колку е потребно. Дури јас мислам дека ние можеме како Собрание по повод овој закон да настапиме различно од Владата, не во насока на тоа дали треба да се укине факултетот, што можеби значи некаква рационализација во вкупната општествена потрошувачка, па на крајот на краиштата и^некакво проследување на еден дел од економските реформи што ги презема оваа Влада и во некои други сегменти од животот на Републикава. Меѓутоа , мислам дека можеме да разговараме и во друга

насока, дали е доволно радикално ова што ние сега кога веќе се одлучуваме да го преземе, го преземаме. Ако одлучи ова Собрание, јас не прејудицирам одлука, го кажувам сопственото мислење, прејудицирам сопствено гласање , меѓутоа, дали е доволно радикално, дали можеби ако мислиме да го продолжиме овој процес на некакви реформи со овој закон дали не треба тоа да го направиме порадикално, можеби помалку безболно ќе биде, но порадикално и побрзо. Дали ние можеме да забележиме на Министерството што оваа аргументација која беше изнесена во овој момент од страна на Владата и од страна на надлежниот министер, сепак, формално или во суштина сфатено ќе важи од 2002 год. Денес сме 1995 година. Значи, ние практично донесуваме одлука, меѓутоа нејзиното извршување, целосно, постапно го одлагаме во еден период кој можеби малку ќе го завлечка целиот процес на тоа што сакаме да го постигнеме. Значи, кадри ќе добиваме и во наредните години, можеби не толку колку би се запишувале редовно, меѓутоа заостанати студенти запишани кои се сега во редовни студии во повисоките години, значи, сепак, како Собрание донесуваме една концепција дека можеби е исправна, меѓутоа можеби и недоволно радикална во трансформацијата на тој центар за обука на кадри и како се вика се во сферата на безбедноста во РМ. Можеби треба да се размислува во таа насока. Дали можеби не требаше порадикално да бараме да се направат промени. Инаку, иако нема , веројатно е тешко да се дадат финансиски показатели, јас лично не верувам дека, на пример, во сферата на буџетската или воопшто на јавната потрошувачка или на општествената потрошувачка овој закон ќе придонесе за некакви па дури и минимални заштеди. Мислам со оние одредби за преземање , објектите повторно остануваат финансирани на некој начин од државниот буџет итн. мислам дека не се прават големи заштеди ако за тој сегмент кој беше спомнат разговараме итн. Значи, јас би ја гледал работата од таков таков аспект, значи, постојат аргументи за и против,

треба да видиме кои се повредни за секој од нас посебно за сите пратенички групи треба да видиме дали можеби нешто повеќе требаше и она што можеби е исклучиво мој личен впечаток, можеби јас лично ќе бев по среќен доколку Владата понудеше решение дека ова треба да се трансформира можеби во нешто. Дали во полициска академија сходно на воената академија кој овој Парламент треба да ја основа многу брзо со закон дали нешто слично на полициска академија. На пример јас ќе бев многу посреќен ако се одеше во таа насока, па во некој друг придонес да се давам, меѓутоа и вака понудено од Владата соодветно на концепцијата која е понудена и размислувањата кои се слушнати мислам дека може да добие поддршка и мислам дека ништо страшно во суштина не би се случило.

Инаку, што се однесува до мислењето на Универзитетот кој ние сите како пратеници го респектираме како мислење и како сугестии, на крајот на краиштата сите ние на еден или на друг начин сме излегле од универзитет, сепак , треба да го третираме како мислење на универзитетот и како сугестија на универзитетот. Тоа не треба да го третираме како нешто кое нас ќе не ограничува во нашето одлучување. Сепак,легитимитетот е на ова Собрание да одлучи, иако се работи за една високо цената институција која има поинакво мислење од ова Собрание. Можеби треба да се размислува дека сепак во некои моменти тоа е и некаква политичка одлука и некакво политичко решение за донесување на некои одлуки во Собранието и гледано од поширок аспект, освен оној образовен и колку е тоа воспитен процес да кажеме една таква високо школска установа, како што универзитетот го гледа тој процес.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Мирко Трипуновски има збор

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Предлог законот за формираше на центар за образование на кадри од областа на безбедноста регулира сериозна тема. За оваа тема не е доволен само разговор и гласање. Неопходна е сериозна анализа за тоа да следи сериозен разговор. Затоа што во новиот плуралистички амбиент и безбедноста и образованието се клучни столбови на општеството и мора да го пронајдат своето право место во значењето на функцијата и негова реализација. Во предлогот што ни го нуди Владата бара од Собранието да се укине факултетот за безбедност. Слушнавме различни мислења и ставови. Па, во секое цивилизирано општество сигурно за јавниот ред и мир, ќе се сложите, се грижи јавната полициска служба. За субивање на криминалот, криминалистичка полиција. За заштита на објекти и личности во сферата на политичкиот и економскиот живот се грижат обучени криминалци во сферата на криминалистиката. Приватните детективски агенции вработуваат криминалисти. За обезбедување на судска власт се грижи, исто така, јавна полициска служба, која не е дел од министерството за внатрешни работи, за обезбедување на казнено поправни домови, се грижат полициска служба која исто не е во составот на МВР, освен тоа што кадрите криминалисти се вработуваат и во други органи и тела. Во надворешни работи, во финансии во царини, во армија и некои други активности кои сигурно ги има во ова општество. Според тоа, вршењето на полициската служба и заштита од криминалот, кој патем морам да спомнам дека е во пораст во нашава држава, не е само работа и надлежност на министерството за внатрешни работи. Затоа, разговорот за образованието на кадрите што ќе вршат работи во сферата на безбедноста е сериозна работа.

На основната неволја за која денес расправаме произлегува од наследената состојба за образованието на високостручни кадри на МВР. Тоа образование беше врзано на се уште е врзано за МВР и требаше да создава кадри само за тоа Министерство.

Клучно прашање што се поставува е следното, му треба ли на македонското општество, велам општество, а не држава, бидејќи на државата и треба институција или институт за образование на кадри во сферата на безбедноста, заради ефикасно вршење на безбедносните функции. Додека постои држава, додека постои потреба за чување на нејзините граници, нејзиниот суверенитет и додека во светот постојат различити разузнавачки интереси и меѓународно организиран криминал и тероризам со разузнавачка сила, Македонија како и сите други држави мора да настојува да создава и да развива ефикасна служба за својата безбедност. Ефикасноста може да се постигне со висока професионалност, а професионалноста со квалитетно образование.

Настапот на Владата со овој предлог без анализа на анализите за сеопфатност со сферата на образование во своите оценки предлага формирање на центар, а тој центар господа постои. Закон е донесен. Меѓутоа, во тој центар понатаму се оди дека ќе постои средно полициско училиште. Се прашувам што значи центар за образование на кадри од областа на безбедноста во кои ќе функционира само средно полициско училиште без понатамошна можност за продолжување на насоченоста на образованието на завршените ученици. Што ќе значи потполна демотивизација за конкуренција за запишување во таа струка.

Уште едно прашање, дали во областа на безбедноста во РМ и се потребни кадри само со средно полициско училиште. Според законот тоа

училиште е МВР. И таквото образование, според образложението на законот е доволно. Други сфери на безбедност не се споменуваат. Очекував дека претходниот дискутант рече некои преоден елемент, на пример полициска академија или нешто друго. Но, ако МВР за неговите потреби, за вршење на полициската служба и за раководниот кадар во таа служба, како и за вршење на работите во криминалистичката полиција и на дирекцијата за контраразузнавање, бидејќи ние донесовме закони пред неколку седници за тој елемент, тврди дека не и требаат високо стручни кадри од сферата на криминалистика, се прашувам, зошто Владата не излезе со сеопфатен проект за општествените потреби за високо образование во сферата на безбедноста, криминалистиката, за вршење безбедносни функции во општеството. Сигурно по релација и комуникација со Универзитетот. Ќе прашам уште едно, зошто повиканите, Универзитетот па и Факултетот за безбедност, а сигурно има и други што треба да бидат повикани дека образованието е многу значајно, а препуштено е само да одлучуваме ние, да не речам само на политиката. Па, затоа би апелирал на овој план сигурно да се одлучиме така како што е нашето размислување без партиско натпреварување кој и како размислува за тоа во интерес на безбедноста на Републикава. Значи, во овој и во слични други случаеви ние сме должни да го респектираме мислењето и на други институции, а тука мислам мислењето на Универзитетот. Ние тоа го имаме. Министерот во своето излагање рече никој не му пречи на Универзитетот да формира факултет за безбедност. Ако не постапиме така, значи да не ја почитуваме автономијата на Универзитетот, а одлуките за образование да ги концентрираме во централните државни тела, сметајќи го ова. А

тоа не можеме и не смееме, бидејќи Уставот не ни дозволува. Универзитетот едноставно е на општеството и како таков има резултати што се темелат на функцијата што ја врши, стекнување на високо знаење.

Во вода ми пропаднаа моите размислувања за заклучни согледувања дека законот треба да оди во уште една фаза сега да биде нацрт. Значи, таквиот предлог па овој Парламент не го прифати.

Понатаму ми пропадна во вода размислувањето зошто Владата 3 години размислува и не направи тим кој ќе размислува кој понатаму со образование на високостручни кадри во областа на безбедноста и на криминалистиката. Сите тие елементи кажуваат дека имаме различни гледања и ставови, но нашата реална одлука ќе биде одлука која ќе даде можност за опстојување на Факултетот за безбедност со образование на кадри од таа сфера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас во оваа прилика нема да водат некоја поширока полемика околу ставовите на Министерството за внатрешни работи, особено во поглед на тоа дали им се потребни или не кадрите од ваков Факултет како што е Факултетот за безбедност и колку се тие стручни и дали се тие што ги обучуваат стручни. Исто така, нема да ги повторувам оние работи, ќе се трудам да ги избегнам повторувањата кои беа искажани од претходните дискутанти,

како и ставовите изнесени од пратеничката група на Либералната партија во комисиите. Во оваа прилика јас би кажал само дека не се работи за некое кочење на реформи или држење со сила статус скво, туку се работи за, помеѓу другото, еден респект кон една таква институција како што е универзитетската управа, која ние ја почитуваме и токму најмногу од овие причини баравме да се одложи расправата.

Инаку, како што е речено има време до 2002 година да се укине нов факултет може и обратно да се постапува. Има пак време до 2002 година и да укине овој факултет. Како што може да се оформи и нов до таа година. Штетни последици не би имало затоа што и така и така уписот е стопиран, салдо нула имаме со упис на нови студенти и евентуалните привилегии доколку ги имаат тие вработените таму, тие ги уживаат и ќе ги уживаат понатаму.

Овде, исто така се работи, малку е чудно, можеби и проблематично, за нас постои една дилема зошто изготвувачи односно претставници на овој закон се само од едно министерство. Зошто не се од Министерство за образование, наука. Ние имаме примери денеска во законот за јавните претпријатија, односно законот за трговски друштва тука беа претставници од повеќе министерства. Значи, за такви интередисциплинарни прописи, по мое, имаме претставници од Министерството за стопанство, некаде за урбанизам и така се јавуваат разни комбинации. Но, овде не е таков случај.

Зошто тоа го велам. Исто така, јас ќе потенцирам, јас се согласувам тоа што го кажа пратеникот Никола Поповски дека постојат бројни аргументи и за и против. Тие можат до бесконечност да се изнајдуваат и за едната аргументација и за другата. Исто така, се согласувам дека би требало да се направи една паралела, особено во врска со образованието на кадри во областа на АРМ, мислам на воената област. Токму овие аргументи одат во прилог на тоа дека можеби не денеска е тој момент кога треба истото да се пресече односно денеска да се одлучи, што со судбината на овој Факултет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Томислав Стојановски.

**Т0ОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин потпретседателе, господа министри и господа пратеници, со едно не можам да се согласам дека дискусиите за овој закон се исполитизирани. Барем кај мене не е така и апелирам што помалку политика да внесуваме во разрешувањето на оваа важна одлука. Зошто не сум оптоварен не треба да објаснувам, бидејќи не припаѓам на ниту една од оние водечки парламентарни групи и во моментов сум среќен што е така, бидејќи сум растоварен од таа хипотека и ќе можам многу слободно да дискутирам, а ќе дискутирам од две позиции. Едната позиција бидејќи сум член на Комисијата за образование и наука, а втората е бидејќи еден добар дел од своето професионално битусување го поминав точно во образованието. Сеедно се разбира.

На видело излегуваат многу волонтеристички одлуки што во минатото се донесувани. Ние денеска дознаваме за одлуки кои што неко-петентно се донесувани за формирање и расформираше на институции.

Се знае во оваа држава кој формира и кој расформира факултети и други образовни институции. Овој Парламент а во претходниот состав се знаеше исто така, кој е компетентен тоа да го донесува.

Ние на Комисијата за образование и наука пријдовме на овој проблем многу рационално. Сметам дека на таа седница воопшто не дојде^до израз никаква политичка припадност. Единствената желба беше да се изнајде рационално, оптимално и реално решение. Во тој поглед беа и нашите заложби, и критиката што некои од претходните говорници ја изнесоа, кон која јас се придржувам, невозможно е за една ваква тема да се дискутира а да нема претставник на Министерството за образование и физичка култура.

Најкомпетентното министерство е тоа. Добрите желби кои што јас ги респректирам,на министерот за внатрешни работи само можат да бидат добри желби, добри насоки, добри сугестии, меѓутоа евидентно е дека министерот за внатрешни работи со својата позиција и за тоа јас му честитам, е изнад многу министерства и тоа може да биде само епитет за личноста, а кога би бил и јас во слична позиција мислам дека и јас така би се однесувал. Прашувам дали ние имаме министерство за образование во оваа држава, за да така бедно се помине преку нештата да под форма на формирање центар за средно образование од четврти степен, укинуваме факултет, со полн респект дека имаме презаситеност од тие кадри. Па од кој факултет и од кое образование немаме невработени.

Второ,не можам да се согласам со констатацијата дека овој факултет треба потполно да го отфрлиме од Министерството за внатрешни работи. Ако Министерството за внатрешни работи сака да ни укаже, што е сосема разумно дека во тоа Министерство и во сродните

институции се вработуваат и социолози, пенелози и психолози и педагози и од техничките струки, што е сосема во ред. Меѓутоа, едно вештачко одвојување сметам дека не би било во ред за тоа што ако тоа не било досега во иднина напротив, се залагам точно Министерството својата иднина, својата перспектива и својот развој да ги базира на специјализирани кадри. Се друго не е во ред, со полн респект дека таму треба да има и правните и економисти и се она што го наброив. Зошто? Ќе дадам многу апликативен пример. Имаме медицински факултет:, меѓутоа тој факултет се потпира на своите клиники. Тие се негова база врз која се потпира и за кои што тој е формиран. Таму е неговата апликативна дејност, таму е неговата научно - истражувачка дејност, таму е неговата визија и иднина и не случајно и просторно дури и Министерството за здравство и средното медицинско училиште и факултетите и клиниките претставуваат една целина, еден комплекс. Зошто ние сега сакаме да се откажеме до веќе постојни објекти и просторни и физички и сега топката да ја препуштиме на некого. Зошто ние да укинуваме факултет, кога тој факултет е членка на Универзитетот, а треба овде да се земат предвид и заклучоците на Комисијата за образование, да се добие еден тајминг, активно да се вклучи Министерството за образование и физичка култура, како и други министерства во рамките на Владата затоа што ќе дојдеме да размислуваме гласно и јавно пред целокупната јавност дека нешто не е вред и во самата влада и на самата релација односи помеѓу поедини министерства.

Јас би бил навреден да ви кажам искрено, како министер за образование ако би дал согласност за вакво нешто или ако преку ова би поминал онака бедно како што во моментот поминува Министерството за образование. Сметам дека ништо не губиме дури е разумно и рационално да се даде уште еден временски тајминг, уште еден простор

да се разгледаат сите аспекти на овој проблем,и потоа да донесеме разумно решение како што претставниците на Министерството за образование кои беа на последната седница на Комисијата прифатија сугестија, заедно со претставниците и на АРМ, практично и прашањето за воена академија се разгледа во еден разумен рок л да не донесуваме одлуки, неподготвени и на крајот на краиштата сето тоа треба да претставува еден целосен образовен систем. Секое бегање и секое издвојување од тој образование систем не и носи добро на оваа држава во сите нејзини сегменти, особено на она што значи безбедност, криминалитет, министерство и сите оние приближни потреби кои што многу убаво ги елаборираше колегата Мирко Трифуновски, каде што еден добар дел од овие завршени студенти ќе треба да се вработуваат.

И да заклучам сметам дека според мене е дискутабилно дали трета година на ред заради тоа што имаме презаситеност не треба да запишуваме студенти на овој факултет со објективен приод, веројатно и министерот беше инспириран од тоа дека овој факултет во еден период беше доста, да речеме извикан со она дека најповеќе кадри од овој факултет ги вработувавме во тие фамозни институции на општо-народна одбрана и општествена самозаштита. Смета дека тоа време е надминато, дека и факултетот ќе најде сили тоа да го надмине и верувам дека и Министерството и во свој интерес и во интерес на општеството ќе размисли денеска да не се надгласуваме како што рече Никола Поповски и другите и да не направиме грешка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Се извинувам што се јавувам повторно, ме испровоцира овој коментар односно став и обид околу тоа да се импутира судир меѓи

министерствата околу Законот што е понуден на пратениците. Имено, да го потсетам пратеникот, Парламентот добива предлози од Владата. МОже да постојат различни мислења и за секое прашање што се расправа во Владата, постојат различни мислења на Министерствата, кои што низ комисиите завршуваат на седниците на Владата.

Расправа директно со министрите е карактеристика Соборот на здружениот труд од минатиот состав на Собранието и тој систем каде што министрите директно одговараа пред Собранието односно тогашниот собор и каде што тој директно утврдувал и одговорност и директно расправале со него. Во парламентарната демократија има однос Влада - Парламент. Така што мислењата што тие ги добиваа, вклучувајќи го и овој закон, тоа е став на Владата на Република Македонија Нијансите кои се обидувате да ги гледате, вака можеби се интересни за расправа, кулоарска, може да ги задржите како Ваше мислење, меѓутоа, она што е дефинитивен став е дека овој закон е поддржан од Владата на Република Македонија и овде се јавува како закон на Владата на РМ а не на Министерството за внатрешни работи.

Второ, споменавте дека сите факултети имаат невработеност па и овој факултет. Овој факултет нема воопшто никаква невработеност. Сите се вработени во Министерството за внатрешни работи. Тука сте се збуниле. Кај овој факултет нема никаква невработеност и тоа е еден од проблемите и тој не ја дели судбината на другите факултети.

Со овој закон за средно училиште некој рече зашто се укинува факултетот, па го спореди со Медицинскиот факултет. Ве молам Медицинскиот факултет не е формиран со ваков закон. Медицинскиот факултет е формиран како што треба и може да се менува или укинува само со тој закон со кој е и формиран. Овој факултет е формиран со закон за центар за образование. И тука е еден од проблемите. Тука тој ја

дели судбината според тоа како е формиран. И оттаму може да биде укинат со овој закон со кој што е формиран. Сосема правно, целисходно целосно исполнето.

Не се прави никаков преседан тука. ВО расправата се упатува на јавна расправа а не знам кој од законите оди во јавна расправа од тој аспект. Точно е дека има разни контроверзии, меѓутоа, тука е Парламентот тие контроверзии да ги расправи до крај. Оттука, Универзитетот имаше време 15 години да расправа за статутот на овој факултет Можеби и повеќе од 15 години имаше и можеше да биде расправен досега тој статус. Не е расправен токму заради идеолошката позиција на Факултетот која што во однос на целиот Универзитет имаше една посебна автономија. Автономија во однос на автономијата на Универзитетот а не автономија како автономија на факултетот. Оттаму сметам дека Законот кој стои пред вас е потполно во рамките на начинот и правната процедура на кој овој факултет впрочем е вон сите стандарди создаден и мислам дека отворајќи можност тој истиот ако треба се формира на начин на кој што се формираат факултетите ние тоа не можеме да не го гледаме и да очекуваме следни 15 години расправа за позицијата на овој факултет. Практично тоа се бара, се бара статус кво и да се одложи расправата, на овој начин токму на укинување на бизерен начин на кој е формиран факултетот и преку Законот со кој е формиран, се отвора можност практично и за јавна расправа и за стручна расправа за позицијата на факултетот. Апсолутно тоа не е спречено. Токму тоа е овозможено за таа расправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

IV/7

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кога реков за невработеност мислев на незапишувањето на студенти две генерации дека е логиката, нема потреба од таков вид на кадрови и затоа не се запишуваат.

Второ, вие го потврдивте она што само јас го иницирав дека овој Факултет на некој начин е формиран на мала врата, што исто така ги поддржав вашите залагања дека треба да се легализира тој факултет.

Моите заложби беа дека ние како една од матичните комисии, бидејќи сме Комисијата за образование, ред беше на таа комисија да се појави и министерката за образование или приближен ранг, за да можеме дел од овие наши размислувања да ги елаборираме со комплетна личност. Според тоа јас ништо не гледам ниту сакам некој судир меѓу овие две министерства. Меѓутоа, ако денеска овде беше и министерката за образование сметам дека можеби дека токму на таа министерка разговарајќи за ова прашање во разумна сфера ќе и поставевме некои поинакви прашања, Меѓутоа, тоа беше само една добра желба и на крајот сфатете ја мојата желба која не е да се создаде раздор меѓу Владата и министерствата туку едноставно овие три институции, Универзитетската управа и овие две министерства да изнајдете согласност и разбирање и точно се залагам овој факултет да си го најде своето легално место во институциите на системот што се вика Универзитет. Тоа беа моите заложби и воопшгго во нив немаше никакви ниту несвесни ниту политички намери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Господа пратеници, јас сум член на овие две комисии кои што предложија овој закон да се разгледува во три фази односно денеска

како нацрт а во средната фаза за некој месец да го усвоиме како предлог на закон. Јас се залагав за ова решение кое беше предложено од Комисијата и би сакал да објаснам зошто.

Прво не беше јасно зошто со закон се регулира област од средно образование а да се укинува устаноеа од високо образование. Тоа дури пред малку министерот за внатрешни работи овде го објасни кажувам дека на двете комисии тоа никој не го објасни. Пред десет петнаесет години ние не знаеме како тој факултет се формирал.

Второ ценевме дека ако се разгледува во три фази овој закон ништо не се кочи, затоа што уписот во средното образование е во тек а можеби е и завршен, а уписот во високото образование се уште го нема, односно тоа е ексклузивно право што министерот го има и тој кажа дека не треба да се запишуваат и оваа година на факултетот. Значи не се запишуваат на факултетот студенти, значи не се создаваат вишкови на кадри. Што значи дека нема причина од брзаше. А дека има нејаснотии нив ги има и јас како универзитетски професор сметам дека многу лесно и брзо можеме да рушиме една институција, но многу тешко се создава институција. Овде кажувам затоа што ние не разговаравме дека не треба или дека треба да се укине Факултетот. Ниеден член на Комисијата не рече дека треба да се укине или не треба да се укине, туку предлагавме да оди во три фази. Сите членови на Комисијата што разговараа стојат зад ова.

V/1.-ЛП/ОМ

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ**: (Продолжение)

Сметам дека не треба да се политизира ова прашаше, не треба да има некоја партиска дисциплина, па сега една парламентарна група мор ада гласа, другите треба да гласаат против. Мислам дека ние барем во Социјалистичката партија секој ќе гласаме според свое убедување, не треба да заземаме цврсти ставови.

Во овој закон има уште една нелогичност, би сакал да ја слушнам како одговор, околу пожарникарите. Досега пожарникарите се остручуваа со курсеви од неколку месеци, сега одиме со амбиција со четиригодишно училиште. Тоа отстапува од целиот системна образование во Македонија каде што за врвни струки од машинството, електотехниката итн. доволно е образование од три години за занимање, еден брусач кој што е врвен, еден стругар итн. , за нив е доволно образование од три години , а за техничар од четири години. Овде за пожарникар се бара, занимање пожарникар, - 4 години. Друго е ако има занимање, како што е за сите занимања, а пожарникар - техничар 4 години. Тоа е системот на образование. сега овде нешто отстапува. Ако денес тоа го усвоиме, веројатно понатаму Министерството ќе увиди дека е направена грешка. Ние не предложивме амандмани, мислевме дека ќе се усвои предлогот на двете комисии и дека ќе оди во три фази и тогаш во завршната фаза ќе предлагавме амандмани.

Околу укинувањето и повторното формирање, мислам дека министерот два пати зборуваше на таа тема, меѓутоа еднаш зборуваше тие, тие, тие, тие, па не е јасно кои се тие, затоа што повторно Владата треба да предложи и ова Собрание да усвои закон за формирање на таков факултет, како што сега Владата предлага да се укине тој факултет. Не ми е јасно третото лице.

V/2.-

Уште еднаш да кажам,оној дел од Законот кој го регулира средното образование не е спорен, освен она за пожарникарите, меѓутоа, во другиот дел ценевме дека е поцелесообразно уште два три месеци да се остане, да с е продускутира уште еднаш и на крај да го изгласаме, да се укине тој факултет не е ништо страшно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Димче Настоски.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Г-дине потрпетседателе, господа пратеници, денес водиме една расправа која мене - дел од дискусиите по расправата ми изгледаат и ги слушнав како добро научени домашни рецитации, а не говор на факти и аргументи. Во која смсила го кажувам тоа? Дел од дискусиите јас ќе ги сфатев онака како што беа, ако не се слушнеше објаснувањето од министерот, она додатно уводно излагање што го имавме од страна на министерот од една страна и ако дел од пратениците го имаат погледната стариот закон кој се укинува и причината за донесување нов закон.

Ако се погледне стариот закон, јас ќе цитирам неколку членови тука, ќе се види дека има потреба од донесување на не закон за Центарот за образование на кадри за безбедност и дека точно стариот закон е причина за донесување на нов закон. Не е точна констатацијата дека со Закон за средно образование се укинува високо школска институција, туку само се врши промена на законот која е позитив- на,-. во смисла на тоа дека ни Министерството аз внатрешни работи ни Владата се против Факултет за безбедност или по новото Факултет за криминалистика, но да биде во рамките на Универзитетот, а не во

рамките на Министерството за внатрешни работи, како што е според овој закон, како што е досега. Ако го погледнете стариот закон, во член 1 пишува.

"Се основа Центар за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита "Елисије Поповски Марко", како организација на здружениот труд во областа на насоченото образование".

Потоа, во член 3 се вели:

"Центарот подготвува кадри од III до VII степен на стручна подготовка, средно, вишо, високо и највисоко образование за потребите на органите на управата надлежни за внатрешни работи".

Многу дискусии овде мене ми изгледа невоедначени и не подлежат на она што го имаме во досегашниот закон. Зборуваме каде се претставниците на Министерството за образование, зборуваме зошто не донесува закон Министерството за образование, а воопшто не сме го погледнале стариот закон. Од научните програми до сите работи кои се однесуваат на Факултет согласност дава тогашниот секретаријат за внатрешни работи, никаде ја нема Универзитетската управа, никаде го нема Министерството за образование. Еве, само неколку челнови да цитирам да се види таа анахроност која се јавува.

Во член 18 се вели: "Наставните планови и програми од областа на безбедноста и општествената самозаштита и за предметот физичко воспитување за здобивање од VI до VIII степен на стручна подготовка по предлог на наставно - научниот совет на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита и претходно добиена согласност од републичкиот секретар за внатрешни работи".

потоа, во истиот член, само во подолниот став се вели: "И времетраењето на наставата на семинарите и на другите форми на образование за потребите на органите на управа надлежни за внатрешни работи ги донесува републичкиот секретар за внатрешни работи". Никаде не стои Министерството за образовани, никаде не стои Универзитетската управа.

Член 20: "Резултатите до научното истражување можат да ги користат и други органи и организации по одобрување од републичкиот секретар за внатрешни работи". Повторно некаде Министерството за образование, повторно некаде Универзитетската управа.

Член 22: " Центарот е должен за предлог на самоуправна спогодба за здружување и статут да прибави мислење од републичкиот секретар за внатрешни работи".

Член 28, каде што потполно се нарушува автономијата на Универзитетот еве што вели:

Кога тоа го бараат интересите на јавниот поредок или одржувањето на јавниот ред и мир, што се од посебно значење за републиката, републичкиот секретар за внатрешни работи може од учениците ќе наполниле 28 години и редовните студенти во центарот да образува единица на милиција за извршување на одредени задачи". Од редовните студенти може да се образува одред на милиција. И тука немаме никаде Министерство за образование.

Член 29: " Конкурсот го спроведува Комисијата што ја формира Советот на Центарот. Двајца членови на оваа Комисија именува републичкиот секретар за внатрешни работи".

Член 29 , став 3: "Бројот на учениците и редовните и вонредните студенти секоја година ги определува републичкиот секретар за

внатрешни работи по претходно мислење од Центарот". И тука немаме никаде Универзитетска управа, и тука немаме никаде Министерство за образование.

Член 34: " На учениците за време на школувањето им се обезбедува сместување и исхрана во Домот, униформа, долна облека и обувки, ученици и други предмети", сето на товар на Министерството за внатрешни работи.

Она што е најдискутабилен член досега , член 41 за кој дискутираше и г-динот Стојановски за невработеноста - "Ученик односно редовен студент кој се стекнал со стручна подготовка од III до VII - 1 степен, а с е школувал за потребите на органите на управата надлежни за внатрешни работи се здобива со право и должност да стапи на работа во органот на управата надлежен за внатрешни работи во кој ќе го распореди републичкиот секретар за внатрешни работи по претходно добиена согласност од тој орган".

Еве, уште ова да го цитирам: "Прописите што се однесуваат за работниците на органите на управата надлежни за внатрешни работи во однос на посебните услови за засновање и престанување на работниот однос и одговорноста за вршење на работните обврски ќе се применуваат и на работниците во Центарот што имаат статус на овластени службени лица". Значи целокупната досегашна надгледност на Центарот, според овој закон ја има Министерството за внатрешни работи односно сегашниот Секретаријат за внатрешни работи. Ни Министерството за образование ни тогашниот Секретаријат односно Комитет за образование буквално немале никакви надлежности.

За да може тој Факултет да постои како самостојна членка на Универзитет треба претходно да се укине овој закон, факултетот да се

ослободи од стегите на Министерството за внатрешни работи, па дури потоа да биде рамноправна членка на Универзитетот. Никој не бара укинуваше на факултетот. Тоа добро го кажа и министерот во своето образложение. Јас мислам дека препораката која што е добиена од Универзитетската управа и објаснувањето од министерот потполно се синхрони една на друга односно одат кон тоа доколку Универзитетот оцени дека има потреба од ваков факултет, тој да си биде во рамките на Универзитетот, без никакви принадлежности на Министерството за внатрешни работи. Тоа е целата суштина на промената на овој закон. Не се менува ништо. Ни самото споредување на овој факултет со другите факултети од Универзитет од дава една погрешна слика во јавноста. Не може министерот за здравство да укине Медицински факултет бидејќи тој си е во рамките на Универзитетот, не е во рамките на Министерството за здравство и Министерството аз здравство нема обврски да ги вработува сите завршени лекари или од економски факултет сите завршени економисти, додека овде Министерството има законска обврска сите кадри кои што ќе произлезат од Центарот односно Факултетот да засниваат работен однос во Министерството за внатрешни работи. затоа, воопшто во случајов Министерството за образование може да даде свое мислење само за научно истражувачката дејност на факултетот и за потребата од постоењето, но во рамктие на универзитетот, а не како членка на Министерството за внатрешни работи. да не создаваме една погрешна слика во јавноста, да не се доведуваме во ситуација само нешто да напаѓаме без контра аргументи. Сите дискусии ќе беа сосема поинаку кажани овде ако се имаше погледнато стариот закон.

Затоа, Ве молам да размислиме добро, да го ослободиме Факултетот од стегите на Министерството за внатрешни работи, а потоа Универзитетот во рамките на својата автономија да предложи до

Владата формирање на факултет за криминалистика, како што би требало да биде новото име на овој факултет. Да не ја доведуваме јавноста во заблуда затоа што со тоа се прави една крива слика за една многу исправна работа. Всушност, министерот бега од оние правила што ги има дадено овој закон затоа што министерот со овој закон го одредува бројот на редовните студенти на факултетот. Тоа не го бара Министерството, се ослободува факултетот од тие стеги. А дали има потреба или нема потреба од ваков факултет, тоа можеме во една друга распра- ва да расправаме и јас сум сигурен дека има потреба до ваков факултет, но не во рамките на Министерството за внатрешни работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Томислав бара реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на колегата Димче што ни прочита многу членови од Законот кои се однесуваат на училиштето за средно образование "Елисеије Поповски Марко" : Тоа е училиште каде што се обезбедува униформа и каде што е обврзано вработување, затоа што можам да ви набројам во моментот најмалку дваесетина со овој завршен факултет кои отпаднаа од организациите за средно образование поради намалувањето на фондот на часови по предметот ОНО. Сето тоа што го читавте се однесува за средното училиште, колега мој Димче.

Второ, Вие не бевте на последната седница на Комисијата за образование, ќе Ви беа многу работи појасни. Ние ниту сме против овој закон, јас овде бев погрешно разбран затоа што рековме дека е потребно уште малку време овие работи да се избистрат, така бев мислам и сфатен од министерот.

Трета работа и најважна,со акт од септември 1994 година од Универзитетот "Кирил и Методиј" потпишан од тогашниот ректор проф. др. Томислав Чокревски и Универзитетското собрание стои Спогодба за здружување во Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје каде што покрај 39 членки факултети, под реден број 21 точно стои Факултет за безбедност и општествена самозаштита. Според тоа овој факултет*си припаѓа таму. Она што физички, јас реков, овој факултет својата настава ја обавува во Идризово каде што е и училиштето за средно образование не треба да прави забуна. Факултетот за безбедниот си припаѓа во Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Дали тој е под стегите на Министерството и колку е под тоа не сум со тоа запознат.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Јас се извинувам, досега мислев дека е работи за неинформираност на пратеникот, ама сега е за незнаење. Член 3: Центарот подготвува кадри од III до VIII степен на стручна подготовка, средно више, високо и највисоко образование". Тоа е член 3 од Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

почитуван потпретседател, дами и господа, би се осврнал на дел од аргументацијата на претходните дискутанти .Ја сфаќам грижата на колегите за судбината на наставниот кадар на Факултетот за безбедност, но колку што знам со преодните и завршните одредби на законот што

треба да се донесе наставничкиот кадар останува да работи до 31.12.1999 година. Се прашувам, дали на некој директор на работ- на организација, меѓу кои има и магистри и доктори на науки може во моментот да им се гарантира работно место во тек на , не на 5 години туку и на една наредна година. Прашувам дали во оваа тешка економска ситуација во република Македонија, кога има повеќе илјади невработени, може некој некого да става во повластена положба. Што со сигурноста на луѓето кои повеќе месеци и години се без работа и се со високо образование. Зарем и овој закон што треба да се донесе не го става наставничкиот кадар во повластена состојба, со тоа што му гарантира вработување во наредните 5 години во рамките на факултетот, а потоа во МВР според член 2 8 од преодните и завршните одредби Настрана со можноста од формирање на нов факултет во рамките на универзитетот, каде сигурно овој високо квалитетен кадар би го нашол местото кое што го заслужува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван потрпетседателе, почитувани дами и господа, во однос на предлогот на закон кој е предмет на начелна расправа и образложението на истиот за мене е многу логично и природно и во исто време прифатливо оправданоста и целесообразноста на залагањето на претставниците на Владата во однос на преточувањето на таа,како е образложено во Предлогот на законот, нова концепција за потребата на кадри за Министерството за внатрешни работи и мислам дека во однос на таа нова концепција и користењето на компаративните сознанија, а и

од сознанијата од праксата на досегашното работеше и екипираност на кадри во Министерството, сметам дека е оправдано врз база на таа концепција содржински да се предложи еден ваков закон. Меѓутоа, широката расправа, политизирањето на истата, дискутибилноста по одредени прашања мислам дека не дава за право на претставникот на Владата, коментирајќи одредени од нив, и да дава квалификации и коментаци од типот квази - реформисти , оперирање со празна реторика и слично ,кој в,еднаш пресудува тоа сето ќе се сруши и нема некоја флексибилност и т.н., мислам дека повеќе таквата дискутабилност на отворањето на ова прашање треба самиот предлагач односно предлагачот на предлагачот да се распраша и да си ја постави, квалитетот на самиот предлог, а не да коментира со некои напади, затоа што ако тоа се мисли на пратеничката група на Либералната партија односно нејзиното раководство, мислам дека го има тоа право различно да размислува од поднесениот предлог.

**ПАНЧЕ МИНОВ**:(продолжение)

Мислам дека не е квазиреформство да се сугерира да едно фактичко замрзнување на функционирањето на овој Факултет кое беше извршено од Владата и надлежното Министерство во претходниот период што е работа на измена на постојниот Закон, а не работа и надлежност и делокруг на извршната власт да се смета за квазиреформство кога во исто време тоа значи една афирмација на овој законодавен орган во кој фактички сме ние сите членови. За мене фактички одредбите што се од преодните и завршните одредби само тие во овој предложен закон имаат смисол, цел и суштина на законско регулирање. Другите одредби се одредби со кои се регулира основање на едно средно училиште од областа на безбедноста. Тоа се односи кои се во најголема инстанца на донесување на акт, на донесување на статут. Мислам дека суштината на квалитетот на предлогот се состои во тоа да се донесе Предлог на закон со кој се укинува Факултетот за безбедност и во тоа треба да се состои суштината на предложениот закон. Тоа е дилемата на која што се наидува и од Универзитетот и од одредени претставници на пратенички групи. Сметам дека ако добро ги погледнавте одредбите од овој закон во 23 членови, во 10 членови постои одредница со која се кажува претходна согласност на министерот. Сметам дека малку и невкусно дека се поистоветува,идентифицира министерот со самото Министерство за внатрешни работи од една страна и повеќе би личело ова што веќе го кажав се однесува на односи која регулатива е во најголема инстанца со акт на статут и подобро е да стои,статут на овластувањата на Министерството, односно на министерот по однос на средното училиште за безбедност.

Сметам дека со овие претходни забелешки да бидат и критериуми по однос на определбата на пратениците по одлучувањето по самиот закон визави она што значи предлог на нова концепција за укинување на факултетот за безбедност.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас се извинувам што по втор пат земам право да излезам на говорница. Би дал само еден мал коментар во врска со втората дискусија на министерот. Морам да кажам дека и јас како пратеник, а и сите пратеници знаеме дека Владата е таа што предлага закони, а Собранието е Собрание кое ги усвојува, или не ги усвојува. Меѓутоа, предлагачот на законот било кое министерство, па и министерот е должен да даде објаснување, а посебно и во работата на комисиите и сметам дека ние во почетокот дадовме едно мислење дека главната работа и функција и расправа за законите , предлог законите ќе биде во комисиите, а овде ќе се врши некоја козметика пред усвојувањето на тие закони. Јас само ќе прочитам некои работи што ние во Комисијата за политички систем ги спомнавме во врска со овој предлог- закон и бевме изричити во настојувањето да членовите од 25 до 29 треба да се бришат, бидејќи тоа се прашања што не треба да се уредуваат на ваков начин, односно со ваков преседан, да со еден Предлог-закон се одлучува за егзистенцијата на еден факултет кој е легитимен претставник, односно член на Универзитетот. Затоа во мојата дискусија настојував да напомнам дека не би требало еден ваков преседан да биде и пракса. Тоа значи дека во комисиите би требало сите овие работи доволно и добро да се расправаат за да не дојдат вакви моменти на расправи кои можеби и не се потребни и губиме време со нив.

VI/3.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, господа министри, не би се задржал на правната страна и се што оди со тоа околу законот кој се разгледува денеска. Јас повеќе би се осврнал на три аспекта.

Првиот аспект е како полицаец, односно какви стручни лица се потребни во полицијата за да ја обавуваат ефикасно својата задача и да обезбедат потполн мир и сигурност во оваа држава.

Вториот аспект е , колку е оваа држава и колку е граѓанинот на Македонија спремен и колку може да поддржи една Академија, Факултет, или луѓе кои ќе бидат едуцирани.

Трето, дали треба полицијата да ја ослободиме од едукативниот дел и тоа да го препуштиме на друг , некој кој е постручен да ја обавува таа , да кажам тој дел од работата.

За првото би рекол следно. На државата и се потребни стручни лица кои ефикасно ќе делуваат и тоа е неспорно и сите ние се залагаме да имаме ефикасна полиција.

Второто дали ние сме спремни тоа материјално да го издржиме. Мислам дека моделот кој беше спомнат од господинот министер и мислам дека тој модел се провлекува и како конечно решение, не прејудицирам некои работи, а веројатно и светските искуства кажуваат дека мали земји како што е Македонија, веројатно не треба да има ниту факултет во структурите на полицијата, ниту пак на Универзитетот. Мислам дека Универзитетот треба да продуцира кадри кои додатно ќе се специјализираат и тоа не во Македонија, претполагам, туку во институции во светот кои што далеку отишле со технологијата на едукација и тоа се специјалистички знаења кои се добиваат за 6 месеци

или година дена и каде што се стекнува со висок степен на специјалност од одредени области, дали е тоа балистика, хемија, криминологија, дрога и се останато, не би сакал да го коментирам. Значи сметам и лично сакам да кажам дека се залагам за ваков модел и дека би го почитувал и мислењето на Универзитетот доколку едукацијата смета дека треба да биде на факултетите како посебен факултет за безбедност. Мое мислење е дека треба да користиме готови кадри од продукцијата на Универзитетот во Македонија, дека треба да им овозможиме да дојдат до најнови сознанија од областа на безбедноста на полицијата и мислам дека тој модел е најефикасен. Затоа би поддржал еден таков модел.

Што се однесува до полицијата да се задржи моделот дека треба да стои Факултет во полиција, мислам дека тоа е веќе надминато и дека таков факултет бил потребен за некои други времиња, за некои други потреби, за потреби кои биле многу поголеми и за можности материјални кои можела екс Југославија да ги поддржи.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господин потпретседател, дами и господа пратеници, од излагањето на многу колеги навистина веќе не ми е јасно дали расчистивме дека не е прифатен предлогот овој закон да оди во редовна процедура , или пак ќе дискутираме во смисла да даваме образложенија зошто така предлагавме, или пак мислење во смисла да го одложиме ова уште за еден период, да размислиме уште малку, јавна расправа и слично. Или пак ќе дискутираме во фаза на разгледување и усвојување на закон. Јас размислувајќи така се обидувам да размислувам рационално и да не бидам контрадикторен и така да се произнесувам.

Ако не е спорно дека врската меѓу МВР и Факултетот е неприродна врска, термин што го употреби министерот и понатаму и многу дискутанти, па и оние дискутанти кои што се против усвојувањето на овој закон, ако не е спорно дека во какви услови е формиран овој факултет и за кои потреби, во кое време и ако не е спорно дека факултетот не функционира што е за нас најбитно, односно не продуцира кадри треба ли да размислуваме уште да одржуваме нешто во живот, да трошиме уште пари, или пак дали некој не прашал кога огромен број наши мали и големи стопански субјекти отидоа под лед, ги нема веќе, заради новонастанатите услови, или треба пак да одржуваме во живот нешто што нема продукција, или пак и нема шанса да заживее.

Слушајќи ги аргументите и читајќи ги аргументите во материјалите, па и оние сите материјали што ги добивме од неколку страни никаде не слушнавме каква е финансиската состојба, каква е финансиската структура и колку пари се трошат за овој факултет. Никаде не слушнавме колку годишно чини тој факултет, колку средства ќе се заштитат со евентуалното негово укинување. Јас и во таа смисла го разбрав министерот кога зборуваше за реформски зафати дека и со овој реформски зафат целта на многуте реформи е и да се заштеди. Значи никој не зборува за финансиски средства, а зборуваме за отворање, за затворање, па потоа наново отворање на Факултет. Јас сум убеден дека Универзитетот давајќи го своето мислење многу добро знае дека ако се случи затворањето покрај оправданоста во чинот на отворањето ќе мора да размислува за огромни финансиски средства. Ставовите дека ние треба овде стручно да му кажеме на Министерството кои и каков профил на кадри му се потребни, за мене навистина се паушални и несериозни.

Бидејќи ако одговорните луѓе во самото Министерство тоа не го знаат, фактички не треба да бидат таму. Овој предлог на закон го прифаќам со сета сериозност на чин на укинување, меѓутоа, после навистина дадените образложенија и оправдани причини и како елементарно право на тој што дал предлог нешто да ^се формира за свои потреби да даде и предлог тоа нешто и да се укине.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа, Сметам дека неоправдано се наметнува едно прашаше при расправата за законот да во прв план се истакнува прашањето на укинувањето на Факултетот, досегашниот Факултет за безбедност. Сметам дека за законот треба да се расправа во целина, треба да се гледаат сите димензии и според мене освен ова што е и те како битно прашање, исто така толку важно е формирањето на Центарот за образование на кадри за органите на безбедноста. И со овој закон токму тоа и до детали се регулира, основањето, функционирањето и се она што значи нормално создавање на кадар од тој тип. И гледајќи го законот во целина, јас и го поддржувам како таков и како што рече и претходниот дискутант па макар и по цена на укинување на тој факултет.

И кога сме кај укинувањето на Факултетот за безбедност според мене не е меродавно мислењето на факултетот по однос на потребата од понатамошно функционирање на тој факултет и создавање на кадар од тој профил. Тоа го велам од причини што потребата од создавањето на тој кадар треба да се цени и од друг аспект и од друг орган, односно организација. А тој орган кој го цени тоа е токму тој орган кој ги има обврските кон тој факултет и финансиски и прифаќање на кадар и организирање и функционирање итн. Поаѓајќи од таа гледна точка јас

сметам дека по ова прашање мислењето на Министерството, односно Владата , односно Парламентот кој всушност е основач на Факултетот и треба да биде меродавен заклучокот на тие органи по однос на Факултетот, а не на организацијата која ја обавува таа функција. Тоа како прво.

Како второ, доколку се навистина точни податоците околу потребата на понатамошното функционирање на тој факултет од каде сега таква бојазност по прашањето на укинувањето на тој факултет? Ако навистина ова општество има потреба од тој тип на кадар, зошто тој факултет не бара алтернативни решенија какви што беа понудени по комисиската расправа. Универзитетот да цени дека има потреба од тој кадар, дека на ова општество му се потребни и преку Владата односно Министерството за образование да иницира постапка, односно донесување на закон со кој во рамките на Универзитетот ќе се формира таков факултет. Во тој случај правилата на организирање, функционирање, а правилата на играта се поинакви. Министерството нема обврска да го финансира, Министерството нема право на контрола и надзор во тој случај над работата на таа институција, но нема обврска ни да ги прифаќа априори кадрите што ќе се произведуваат таму, туку тој кадар ќе се пушти во игра рамноправно со останатите кадри кои завршуваат во останатите факултети и секој што ќе се осмели да се запише и да го заврши тој факултет, тој априори треба да го има во предвид и фактот, односно ризикот утре и да најде вработување како и сите останати кадри. Доколку значи има таква потреба, доколку тоа ни е така неопходно, тогаш не треба ни да се плаши тој кадар кој таму денес таму работи, а уште повеќе што статусот нивниот финансиски, односно материјален воопшто не се загрозува зошто со одредбите на законот

тие остануваат и понатаму на товар на министерството за внатрешни работи кој во понатамошната трансформација нормално ќе ги распоредува. И уште еднаш да повторам дека го поддржувам законот како таков.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа, следејќи ја расправа^а која што се однесува на овој закон, ќе се обидам во една друга димензија да согледам некои прашања кои ми се наметнуваат бидејќи на некој начин потекнувам од Универзитетот. Поретко ќе се појавувам на оваа говорница од аспект, затоа што за многу прашања можеби нема да бидам квалификуван и не сум квалификуван, но сигурно од позицијата во која што се наоѓам ќе можам мериторно да го дадам својот глас за , или против. Следејќи ја оваа состојба моментално која што е во делот на Универзитетот бидејќи многу од пратениците, па и во парламентарните групи се спомнуваше дека мислењето на Универзитетот треба да биде одлучувачко. Бидејќи припаѓам на тој Универзитет, а во извесна смисла и дали е тоа привилегија , или минус, сум и член на Универзитетскиот сенат. Потсетувам на една моја дискусија која што на последната седница на универзитетскиот сенат во однос на организацијата пред се и работата на структурата на Универзитетот. Морам веднаш да кажам дека ова прашање за кое што дискутирала Универзитетската управа, за кое што јас како член Универзитетскиот сенат не сум запознаен, но дека Универзитетската управа се произнела за кое што имаме и документ кој што ни е доставен на сите пратеници, сметам дека Универзитетот во оваа фаза не треба да се наоѓа на опашката на збиднувањето, а имаме и примери дека и во периодот кој што измина, дека тој треба да зазема одреден став дали овој факултет е потребен , или не е потребен. Ако сега овој Факултет не

е потребен на Министерството за полиција, Министерството за внатрешни работи, тогаш се поставува прашање за кого ќе припрема кадри. Дали може оваа држава да ни гарантира на сите нас на конјуктурата на пазарот денеска која што ја имаме на стручни кадри во Републиката дека моментално на било кој конкурс ние ќе добие илјадници луѓе кои што бараат вработување. Според тоа и овие луѓе ако се уско специјализирани тие немаат можност и немаат шанса да излезат на пазарот на работна снага. Ако не се вработуваат таму а не треба да се вработуваат,априори во оваа држава не треба на никого да му се гарантира нешто, тогаш се поставува прашањето зошто и како треба да се школува овој кадар.

VII/1 СС/ПН

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ**: (Продолжение)

Универзитетот како таков, бидејќи моментално треба да знаеме дека само во името на автономијата на Универзитетот имаме нешто кое што произлегува од Универзитетот како ставови. Меѓутоа, како човек од Универзитетот јас сум на некој начин резервиран што тоа претставува автономија на Универзитетот, дали тоа претставува само слободни искажани мислења, до кои граници се движи автономијата на Универзитетот, дали таа во овој момент служи, јас слободно и отворено ќе го кажам тоа, дека на некој начин со своите ставови прераснува како едно мало поквалификувано, барем по мислењата, во името на автономијата, како паралелно Министерство за образование на високи кадри.

Од тој аспект сметам и мојот глас ќе го дадам за укинување на овој факултет априори бидејќи не сакам никогаш да се сретнам или да видам кадар на некој начин кој што ќе биде тесно профилиран, кој што не може на пазарот на струка денеска да егзистира во оваа држава. Ако е тоа точно дека дипломата да ја потпише министерот на полиција, без оглед што во оваа фаза министерот на Полиција е професор на универзитетот, а во плуралниот систем вие знаете од периодот кој помина можеше да биде и полуписмен човек ако е тоа партиска определба или политички став на одредена партија, тој треба да ја потпише дипломата на еден таков дипломиран стручен висококвалификуван кадар.

Мораме да се замислиме, сите велат дека во овој момент не се работи за политизирање. Овде е став и вистината е политизација на состојбата околу овој Факултет, за добивање поени, но суштински, ние тие луѓе ќе ги осакатуваме доколку постои еден таков факултет.

Се залагам и сум против еден таков Факултет воопшто да постои, бидејќи нема негово оправдување, било економско а исто така и од аспект овие луѓе ако завршуваат се бенефицирани и се тие посебна категорија во ова општество. Сите знаете дека и поради комуникацијата со луѓето и денеска во нашето општество најкоњуктурно е факултетот за безбедност и средната полициска школа во која што моментално имаме страховита конјуктура. Со разни интервенции луѓе сакаат да се запишат, затоа што во овој момент тоа единствено гарантира вработување во оваа држава. Интересно, можеби и позитивно, дека имаме страшен притисок од женскиот пол кој што саска да работи во полицијата, што некога, во извесна смисла, претставувало одреден проблем за да може дама да работи во Полиција.

Да резимирам, јас ќе гласам против, односно за законот а против Факултетот да опстане како Факултет за безбедност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Поповски Димитрија.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Се извинувам што повторно сум на говорницата, навистина од дискусијата што се разви кај мене се уште живее дилемата. Јас не

прифаќам дискусии од типот како на еден од говорниците, а член е на Комисијата за образование кои излезе овде со законот и ни го цитираше 30 минути законот, членови од законот, а тоа можеше да го стори на состанокот на Комисијата и да не го заморува Собранието со тоа.

Јас не знам, навистина, дали постои Факултет на Скопскиот Универзитет кој што не продуцира тесно специјализиран кадар. Сите факултети школуваат тесно специјализиран кадар. Стоматолозите, стоматолози, забите ги прават. И, ништо повеќе не се способни да прават. Правниците, право. А, криминолозите се знае што. За тоа мислам дека дилемата се уште постои, никој не ги оспорува фактите и никој не бара на Универзитетот да се даде приоритет во своето мислење. Универзитетот, Универзитетската управа, во овој момент, ниту Сенатот, ниту Ректоратот како што беше кажано, туку Универзитетската управа бара решение да се изнајде економска оправданост, да се оцени економската оправданост дали постои. Многу се манипулира околу економската оправданост на постоењето на овој факултет. Сигурно е, длабоко сум убеден, дека, доколку дојде до тоа, навистина така да биде, што ќе се случи? Тоа е факултет што не може да работи во било какви услови. тој не е теоретски факултет, две училници и не му треба повеќе. Ќе мора да ги користи просториите каде што сега опстојува. И, што ќе се случи? Мислам дека нема да добие економска оправданост. МВР ќе бара високи кирии, државата не ќе може тие да ги плати, и нема економска оправданост. Нормално.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Димов Лазар.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, верувам дека сте нестрпливи, сакам само неколку зборови да кажам во врска со овој закон.

Можам да кажам дека се добри тенденциите училиштето, средното училиште и Факултетот за безбедност се одвојат и се стават таму каде е местото во Министерството за школување. До тука би било се во ред, но овде гледам дека средното образование останува во рамките на МВР, што сметам дека и покрај сето залагање на министерот за европеизација дека ова не е во духот на европеизацијата, бидејќи сметам дека ова средно образование треба да си биде на место на средното образование како и сите средни образованија и дека ако сакаме да го промениме она што порано било, требаше овде предлагач да биде МВР за укинување на тој центар, а истовремено овој да биде предлагач за Центарот за средното образование од оваа област Министерството за просвета и образование, како што е ред.

Не знам, јас априори сега не можам да дискутирам дали треба или не треба факултет од оваа област, дали треба или не треба од другите области, ова Собрание ќе дискутира на база на релевантни показатели спор

Овде, во овој закон, мислам дека и покрај европските покривки што сите ги ставаат, средното образование останува во рамките на МВР бидејќи во тоа средно образование се обезбедува сигурно вработување без разлика дали најдобрите ќе се одберат бидејќи сигурно вработување има, не сметам дека и обучувањето на овие деца од 14 до 18 години некоја посебна специфика, него обучување, изучување како и сите други

деца и сметам дека оваков средно образование има потреба не само од областа на Полицијата, него што кажавме таму противпожарна заштита и други работи и да си биде надвор од рамките на Полицијата.

За Факултет дали треба или не треба тоа немам релевантни показатели да зборувам треба или не треба. Мислам дека ние малку треба поопширно да размислиме за овие две сфери, бидејќи не знам Владата дали ќе биде доследна или недоследна слушам дека е во процедура или ќе биде во процедура закон за формирање на академија од воените науки. Не знам и дали е тоа добро или не е добро. Значи, треба овде да зборуваме дали оваа мала државичка може да вложува или не може да вложува пари не од аспект дали треба или не треба, него дали може и колку може да вложува пари.

Јас сум априори против делот на законот кој што ова средношколско школување го става во специјални услови. Сметам дека тоа треба да биде надвор од Министерството за внатрешни работи и да биде во рамките на сето средно школство во државава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Фрчковски има збор.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

За последната дилема мислам дека треба да ја објасниме.

Имено, средното училиште или како во светот се нарекува полициски колеџ е стандард односно за тој вид на специјализација

односно посебно школување на потребите на полициите се предвидува секогаш вид на образование кој има свои специфики во однос на другото средно образование. Основниот закон за средно образование допушта основните негови стандарди да се применуваат, а за посебни средни училишта и да се применуваат со посебен закон, посебни стандарди. Така што законот е потполно во склад со предвидувањата, одредбите предвидени во законот за средните училишта, а компаративно се среќаваат полициски колеџи, апсолутно како стандард за регрутирање на кадри во полициите, што не е исто и со високото образование. Полициите како служби, кои на некои начин и по цивилно се ориентирани од армиите, само во најголемите земји се ориентираат на полициски академии во високото образование. И тука имаме концепциска разлика.

Од друга страна дилемата за тесно специјализирани кадри е поставена на погрешна точка. Сите факултети на некои начин специјализираат тесни специјалности. Затоа се разликуваат едни со други. Проблемот е што во овој случај специјалностите од факултетот за криминалистика не можат да се вработат на друго место освен во МВР. Бидејќи во систематизациите на другите места не е предвиден како факултет Факултетот за безбедност. Инаку, тие се тесно специјализирани на определена сфера, меѓутоа нема каде да се вработат. Ако случајно бидат истерани од МВР тие се осудени да се вработуваат со средно училиште после тоа на други места, бидејќи во систематизациите на другите државни органи на управа, па и на приватните фирми никаде не се предвидува, погледајте, правен факултет, политички науки, новинарство и Факултет за безбедност. Тоа е она што Министерството вели хоризонтална неподвижност на кадрите. Во таа смисла се мисли на тесна специјализација, а не во смисла на стручна специјализација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Димов се јави за реплика.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Видете, јас, бидејќи ја спомна министерот мојата дискусија, сакам само следното да го кажам. Министерот го спореше само делот каде јас се залагам средново образование да биде во рамките како и секое друго средно образование. Аргументите што ги изнесе многу често пати ги слушаме на оваа говорница од министри, од претседатели дека во Европа е така. Незнам. Мислам дека тоа не е за мене аргумент, бидејќи аргумент е ова што го зборувам дали специфичноста и спецификата на тие работи е толку сложена да бара некоја посебност и да бара тоа школо да биде во рамките на Министерството. Фактички, како што се предлага тоа е во рамките нас Министерството и тоа не е оној систем што, за мене сметам од аспект на демократизација, тоа е прилично опасно ние да^г школуваме деца од 14 до 18 години кога се уште адолесценти и се развиваат да ги формираме во една затворена средина кое што исто така се одразува на работата на тие деца кога ќе стапат во контакти на своите работи места.

Одговорот на министерот дека полициски колеџи има во Европа не е аргумент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани нас член 7 став 2 на член 9, член 11, 13 став 4, 15 став 1, и на член 22.

Пратеникот Хисен Рамадани понесе амандмани на насловот на предлогот на законот, на член 2, во заградата и во целиот текст на предлогот на законот зборот "центарот" да се замени со зборот "училиштето", член 13 за додавање нов став 4, за бришење на членовите од 25 до 29 и на член 30 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Љупчо Беличев поднесоа амандмани на член 26, член 27 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на член 29 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 13 став 3.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на законот поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Збор дава г-дин Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Се извинувам г-дине министре, да не се повторувам, со оглед на расправата што се одвиваше ги повлекувам амандманите 1, 2 и 4 и 5. Останувам само амандманот 3 што се однесува на член 13 на постојниот закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 поднесен од ЗПК. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Со еден поглед, Владата ги прифаќа сите амандмани на ЗПК што се поднесени иако за два амандмани, четири и шест повереникот на Владата не се согласил. Значи, сите амандмани поднесени од ЗПК Владата ги прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

VIII/1.-СЈ/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 4, поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман од следните причини: Водење сметка за соодветната застапеност на припадниците на националностите во државната управа како и во образовниот систем треба да се уреди на едно место и со еден општ член во државната управа, во Законот за државна управа, а во образование во соодветниот закон за средно образование или за високо образование како ќе се најде, кој соодветно понатака ќе се применува во сите случаи, а не парцијално во овој закон или во некој друг закон за средно образование. Од тие причини како посебен став во овој закон Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Да, јас имам разбирање за ова образложение на господинот министер дека, можеби еден принципиелен начелен став за упатно компонирање на сите наши да речам системски норми кои ги носиме, а се однесува на тоа да се компонира целото општество онаква какво што ни е општеството, може да биде прифатливо. Меѓутоа, ние имаме една практика, можеме и да ја критикуваме, можеме да речеме дека таа била

резултат на некое си, не знам кое време итн., меѓутоа ние имаме една практика при нормирање на одредени односи во одредени области да си кажеме и одредени релации за урамнотежување на односите во таа област.

Вие видовте и во краткото образложение дека нагласив дека оваа упатна одредба, инаку она е само упатна, она не може да биде непосредна, апликативна е само можност повеќе при утврдувањето на конкурсните норми и при нивно објавување да се отвори простор за да се создаваат такви кадровски, да речам екипирања на новите состави во училиштата за да може постепено структурата и на полицијата така да речам да соодветствува на она што ни е општествена база. Тоа беше целта.

И, уште нешто сакам да кажам, би молел да се внимава, сепак е мислам од сериозен карактер, а на линија на она што господинот министер го кажа. Јa знам дека за некои амандмани колегите пратеници не се во можност овде на ова Собрание сега да се изјаснат. Меѓутоа, при ставање на дневен ред на ваквите закони, пратеничките групи особено од важните, валидните, одлучувачките пратенички групи се должни претходно да дискутираат за тоа кои можни амандмани ќе дојдат евентуално по одделни прашања и да се заземаат по тоа политички ставови. Знаете ли зошто ова го истакнувам. Не сум суетен и може и ова да го прифатам после во системски закон, незгодно е секој пат амандман на Хисен, Асан никогаш да не помине. Ние мора да создадеме атмосфера дека однапред како политички луѓе ги опсудуваме работите и пред комисиите во нашите пратенички сос- тави за да овде, односно пред комисиите кога ќе дојдеме веќе имаме една создадена атмосфера која ќе овозможи ние овде како луѓе за заеднички проблеми, заеднички да одлучуваме. Јас кога не би мислел дека овој проблем да составот на

полицијата повеќе му соодветствува на составотна населението е општ општествен проблем на оваа Република, не би го ставил овде. Напротив, од таква убеденост мислам дека оваа одредба е добро да стои и во овој закон и по цена како што вика министерот кога ќе донесеме еден општ, на една општа нор- ма за средно и високо образование, да речам со измени и дополни овие и да ги бришеме. Јас останувам при амандманот, но со молба се едно како ќе мине во наредните вакви ситуации и закони со ваков карактер, сепак политика да се прави и во пратеничките групи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Бидејќи се работи за амандман кој допира деликатна тема, јас најдов за сходно уште еднаш да го дополнам образложението во следна смисла. Токму Владата со својата активност па конкретно и во тоа средно училиште, во средното училиште, условно да кажам, за внатрешни работи има направено потез кој оди токму во правец на оживотворување на овој амандман, меѓутоа не со законска одредба, туку со реално внесување на квота од учениците кои се примаат во 1-ва година од ова средно училиште. Према тоа фактички е тоа реализирано, меѓутоа реално местото за правното реализирање би бил еден поопшт пропис кој би ги опфатил како што смета Владата државната администрација од една страна, образованието од овој аспект од друга страна. Така што ние чекориме во практична смисла токму во реализација на една ваква содржина и од тоа нема да отстапиме, тоа е

веќе со години пракса, две-три години веќе пракса во средното училиште, меѓутоа правно искрено да веруваме значи не е во ситуација да падне амандманот или да не се согласиме, туку навистина му е местото во еден поопшт пропис, погенерално значење да има.

**ТИТО ПТЕКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака (Неколку пратеници креваат рака).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 за додавање нов став 4, поднесен од•пратеникот Хисен Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 26 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Љупчо Беличев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ако дозволите да го кажам ставот за сите три амандмани што ги предлага истата група пратеници, Владата ги прифаќа, се работи за амандмани кои соодветно поради каснење на законот од една година стои во процедура во Собранието, се однесуваат за промена соодветна на роковите во преодните и завршни одредби кои се потполно во согласност, така да и првиот и вториот и третиот амандман, Владата ги прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Рамадани вие ги повлековте сите останати. (Да).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Молам, пред да поминеме на гласање да добиеме информација колку пратеници се присутни во салата.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (53 пратеника гласаа за).

Дали има некој против? (6 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (12 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста.

Треба да се договориме како ќе работиме понатаму. Одиме до 17 часот без пауза.

**Трета точка** од дневниот ред - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати.

Молам министерот - претставникот на Владата, вие сте тука.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор? (Дел од пратениците ја напуштаат салата).Молам, не ја напуштајте салата, нема да имаме кворум. Има претставник на Влада, тука е господин Бекир Жута

Дали некој бара збор во општиот претрес.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

VIII/6.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2 во новиот член 64-а став 1,2 и 3.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 во новиот член 64-а став 1,2 и 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 64-а став 1,2 и 3 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање, но претходно молам уште еднаш да утврдиме состојба.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата. Јас ви предложив пауза, вие не прифативте. Ако не прифаќате треба да сте во салата.

Молам да се повикаат пратениците.

Предлагам пауза до 15,30 часот.

(Паузата започна во 14,55 часот).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 15,40 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Бидејќи го заклучив претресот, поминуваме на гласање.

Кој е за, молам да крена рака? (53 )

53 пратеници гласаа за. Дали има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Очигледно многу пратеници не гласање. Во салата имаме кворум.

Во секој случај констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавите игри на автомати.

Преминуваме на **4-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на РМ и Владата на Република Бугарија за меѓународен патен превоз на патници и стока, со Предлог на закон,

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Бугарија за меѓународен пратен превоз на патници и стока.

Кој е за, молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација за Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за меѓународен патен превоз на патници и стока.

Преминуваме на **5-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка во областа на образованието меѓу Република Македонија и Република Турција со Предлог на закон.

IX/3.-

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка во областа на образованието меѓу Република Македонија и Република Турција.

Кој е за молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и. Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крена рака? (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за соработка во областа на образованието меѓу Република Македонија и Република Турција.

Преминуваме на **6-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателските односи и соработка на меѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,м го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателските односи и соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

Кој е за, молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

IX/5.-

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара го заклучувам општиот претрес.

Отворам претресот текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 63)

Дали има некој против ? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот и пријателските односи и соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

Преминуваме на **7-та точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за научно-техничка и економска соработка на полето на земјоделското помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

IX/6.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предокот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за научна, техничка и економска соработка на полето на земјоделството помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (нема-

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (благодарам)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

IX/7.-

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за научна, техничка и економска соработка на полето на земјоделието помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција.

Преминуваме **точка 8** - Предлог за донесување на закон за јавните претпријатија.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа.

Донесувањето на законот за јавни претпријатија е неопходно за уредување на бројни прашања од уставно правен карактер, а се од значење за организирање и функционирање на претпријатија кои вршат дејност од јавен интерес.

Уште повеќе заради разнообразието во организационата поставеност и функционирање на овие претпријатија која произлегува од нивниот нерегулиран правен статус. Ако дозволите, јас би искажал одредени забелешки со цел да добијам одредени појаснувања од предлагачот. Ќе одам по ред.

Глава III каде се зборува за организација на јавното претпријатие во член 13 каде се зборува за начинот на организирање на дејноста, мислам дека треба да се вметне и принципот на континуитет на работење освен ако на ова не се мисли со зборот "трајно" што стои во

точката 5. Принципот на континираност е многу битен за остварување на дејноста од посебен интерес.

Во глава IV- Управување со јавно претпријатие Член 18 алинеја 2 стои дека мандатот на член управен одбор престанува со завршување на 70-годишна возраст.

Дали тоа не е во колизија со Законот за работни односи кој зборува за горна граница од 65 години.

Член 24 - зборува за одговорноста на директорот, односно членот на Деловодниот одбор но не е нагласено пред кого. Најверојатно се мисли на основачот не стои во Законот. За надзор на работење се зборува на две места во Законот во глава IV членови 26 и 27 како и во глава X. Во членовите 26 и 27 се зборува за формирање на надзорен одбор кој врши надзор на материјално - финансиското работење во јавното претпријатие. Истиот поднесува извештај за министерот за финансии.

Во глава X се зборува за финансиска и економска контрола од страна на овластени контролори од Министерството за финансии кон поднесуваат извештај за својата работа до надлежен орган како што стои во Законот. Дали не се работи за дуализам кој и самиот надзорен одбор има право да консултира стручни експерти од областа на економијата и финансии во склад со член 27 алинеја 2.Кога и контролорите и надзорниот одбор одговараат на Министерството за финансии.

Мислам дека функцијата и задачите на надзорниот одбор кој во Предлогот за донесување на закон се дадени во член 26 алинеја 1 и член 27 треба да бидат опфатени во еден од член. Во однос на правото на штрајк во јавните претпријатија мислам дека треба да се прифати алтернативата која зборува дека првото на штрајк треба да се уреди со посебен закон.

И на крај во однос на правото на концесија. Мислам дека е многу малку кажано во Законот. Дали заради тоа што се уредува со посебен закон за концесија како што се зборува во алинеја 2 член 36 Притоа се мисли на Законот за концесија "Службен весник број 42" од 1993 година, или пак на Закон кој Собранието допрва треба да го донесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами и господа, Сметам дека се работи за многу важен закон кој се утврдува мошне важна материја и во посебен општествен интерес како што се вика по стара терминологија. И добро со овој закон сметам дека ќе се процизираат работите со односите помеѓу Владата и јавните претпријатија или ќе се дефинира нивниот субјективитет, организациона и функционална смисла на овие претпријатија итн. Позитивно е тоа што сепак тие овие организации ќе се организираат врз нова основа и ќе се овозможува да во овие организации да вложуваат и други организации, односно физички правни лица кои можат да се организираат или како акционерски друштва, односно како друштва за друштва со ограничена одговорност. Па се предвидува и можност да се вклучат и други правни и физички лица кој врз одредени стриктно дефинирани со концесиите ќе можат да обавуваат одредена дејност. Меѓутоа јас сепак ќе давам одредени мои забелешки начелни во врска со овој закон и ако можам да кажам нешто повеќе од тоа. Иако во членот 3 се предвидува алтернативно дека општините односно градот Скопје може да формира одредени јавни претпријатија само за одделни стопански дејности, односно работи меѓутоа во самиот факт што ова се предвидува како алтернатива а не како главен дел сметам дека главната формулација е можно таа да помине и така што од таква како резултат од тоа ќе

произлезе парламентарен волонтаризам, така што ќе се овозможи со одреден закон на одредени општини да се овозможи или на градот Скопје да формира такви јавни претпријатија. Тука можеме да ги доведеме општините до некоја поделба, да не кажам дискриминација.

Второ, во предложениот текст можат да се воочат и одредени контрадикторности додека во членот 8 ставот 3 се предвидува стечајна постапка и за овие претпријатија иако тука се работи за посебна дејност, меѓутоа, во образложението на законот тоа не е можно, туку напротив се кажува дека може да престане таквото претпријатие единствено ако се овозможува таа дејност да се организира од друго претпријатие, бидејќи сметам дека е многу нелогично да се отвора стечајна постапка врз јавното претпријатие затоа што тоа би значело дека се работи за стечајна постапка индиректна за државата, затоа што се работи за дејност која е неминовна.

Трето, во членот 6 ставот 3 кој има резултивно значење, се кажува дека основачот на јавното претпријатие не е должен да формира управни органи, туку е можно со одреден договор тоа да се довери на други физички и правни лица што, според мене, може да доведе до одредени компликации, до одредени конфузии, па можеби и монополско однесување, затоа предлагам тоа да се брише.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ**: (Продолжение)

4. Членот 19 таксативно ги набројува овластувањата на Управниот одбор и меѓу другото се кажува дека во надлежност на Управниот одбор спаѓа и утврдувањето на цените. Јас сметам дека треба да се додаде - "во согласност со Владата на Република Македонија". Подготвувачот можеби имал нешто друго на каже, па тоа треба да се допрецизира.

5. ВО членот 22 се дефинира односно се вели дека министерот може да му даде упатства на Управниот одбор и тие упатства се задолжителни. Правно тоа не иде, затоа што ако се работи за упатства тие не се задолжителни. Дали тоа треба да се именува со друг термин, на- редби, уредби, можеби инструкции, тогаш тоа би одело.

6. Кај изворите на членовите на Управниот одбор, 7+4, седум членови избира Владата, а четири се избираат од страна на самото претпријатие. Тука не се предвидуваат одредби или критериуми како ќе се избираат тие четири членови, ниту е можно некој да биде во позиција да вреднува по квалификација или по професионалност и затоа јас предлагам сите членови на Управниот одбор, како што е уредено во "повеќе држави да се именуваат од страна на Влада.

7. За штрајкот, правото на штрајк е начелно уставно право на секој вработен односно работник, меѓутоа, бидејќи тука се работи за посебна дејност, сметам дека правото на штрајк треба да се дефинира со овој закон, а не алтернативно да се уредува со посебниот закон за штрајк кој не знам кога ќе се донесе.

8. На крајот да кажам во врска со односите и јавно претпријатие и локална самоуправа, односно подружница на јавното претпријатие и

локалната самоуправа. Мое мислење е дека тие односи треба да се засноваат врз соработка и иницијативност како прво, и второ, одговорност односно покренување на одговорност на лицето или раководителот кој ја води подружницата на јавното претпријатие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски, помладиот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денес имаме еден доста интересен закон кој можеби е еден од оние закони кој не индиректно туку можеби директно ќе влијаат врз животот во државата преку разни канали и разни начини. Нормално мене ми се поставува прашањето какви јавни претпријатија ние сакам во суштина, со оглед дека ова е прва фаза за која разговараме, а ако размислиме какви јавни претпријатија ни требаат, тогаш веројатно оттука ќе произлезе и каков закон за јавни претпријатија ни е потребен. А какви јавни претпријатија ни требаат, веројатно ќе дојдеме до одговор ако си го поставиме претходно одговорот зошто тие ни требаат. Ако ја прифатиме претпоставката на која делумно, меѓутоа неицелосно, само делумно базира законот дека јавни претпријатија не се основаат заради остварање профит туку се основаат во основа за задоволување на некаков општ па дури некој пат може и групен интерес, меѓутоа во основа јавен интерес, се основаат во основа и таму каде што оплодувањето на капиталот е многу мало, ниско или пак е споро и заради тоа нема интерес друг капитал освен државен преку јавните претпријатија, а тие дејности се дејности кои се нужни за функционирање на општествениот систем во целина, не само на стопанскиот или државниот туку пошироко на општествениот систем и во тие претпријатија каде што нема привлечност за капиталот нужно е да се формираат од страна на државните органи, од страна на државата јавни претпријатија и мислам дека овие два критериуми ги респектира и

понудениот закон во оваа фаза . Меѓутоа, мислам дека на Законот му недостасува критериум дека во основа Собранието можеби треба да размислува во таа насока дека во основа јавните претпријатија треба да се формираат и таму каде што заради разни видови на монополи, мислам пред се на законски и природни монополи се остваруваат исклучително големи профити, пред се заради монополи кои се стекнати врз основа на закон или врз основа на природен монопол. Мислам дека Законот за јавните претпријатија како што е сега предложен недоволно го респектира фактот дека се потребни јавни претпријатија токму во овие области, освен каде што се формираат ниски профити и се непривлечни за било кој капитал, па нужно е државата да интервенира и таму каде што заради државно влијание се остваруваат адекватно високи профити. Сега нормално дека не е фаза на законот во која треба да разговараме за разработка, што понатаму следи како измени во Законот, меѓутоа, мислам дека ако како Собрание се согласиме дека овие три се во основа причините заради кои треба да постојат јавните претпријатија групно од сите три причини или поединечно една од тие причини за секое едно претпријатие посебно или за некоја гранка каде би се формирало едно или повеќе јавни претпријатија, тогаш мислам дека во законскиот текст во натамошната фаза, доколку ова се прифати релевантен елемент, можат да се извршат и соодветни корекции. Нормално дека сега не е сходно да се набројува кои се тие дејности или гранки каде што мислам дека во Законот не произлегува, освен ако не ги третираме под други, меѓутоа, јас сум за тоа тоа да биде децидно кажано во Законот и да произлегува од духот на законот дека тоа ќе биде во оваа фаза од развојот на Република Македонија сфера на интерес на државата за формирање јавни претпријатија.

Второто прашање кое мислам дека можеме концепциски во оваа фаза да го разговараме во Парламентот е кој во име на државата ќе ги

формира, ќе управува, ќе раководи и ќе ги контролира јавните претпријатија. Тука во основа се можни комбинации од три елементи: Парламентот, Владата и поширока општествена контрола врз работата на јавните претпријатија. Мислам дека во Парламентот во основа постои еден консензус дека пошироката општествена контрола врз работата на јавните претпријатија може да биде само некој маргинален или минимален и безначаен дел од тоа кој во име на државата ќе биде овластен. Меѓутоа, мислам дека треба да се разговара можеби и подетално за тоа кој во име ан државата, особено од аспект на Парламентот, Владата или соодносот на Парламентот и Владата, кој колку од нив ќе влијае, ќе контролира, ќе управува, ќе раководи и на крајот на краиштата ќе ја сноси одговорноста од работата на јавните претпријатија. Мислам дека концепцијата на Законот која е понудена во оваа фаза пред Собранието на Република Македонија има изразит дебаланс, дури мислам не дебаланс туку изразита тежина дадено дека во сите овие процеси Владата е единствениот фактор и арбитар кој во име ан државата ќе биде овлстен од Собранието преку ваков вид закон да раководи, управува контролира и насочува работа на јавните претпријатија. Веднаш да кажам дека јас во овие рамки сум склон повеќе кон варијантата дека и Парламентот треба да биде еден од партнерите во управувањето со јавните претпријатија, се разбира не во директно управување, меѓутоа пред се преку сферата која може да биде адекватна на парламентарната контрола врз работата на јавните претпријатија или врз парламентарното влијание врз јавните претпријатија, заради повеќе аргументи. Меѓутоа, јас не сметам дека извештаите за работа на јавните претпријатија во некои сфери не би можеле да бидат дел од разградување пред Парламентот што во секој случај е едно високо ниво на контрола врз јавните претпријатија, особено врз некои, можеби не врз сите.

Исто така, влијанието на Парламентот ви за ви Владата во сферата на управувањето можеби донекаде и во кадровската политика, иако тука ја поддржувам тенденцијата дека Владата на Република Македонија во основа треба да биде доминантниот фактор при ваквото управување Меѓутоа, можеби и пред сите овие да се разговара и за прашањето кој треба да биде основач на јавното претпријатие, дали во име на државата да се јавува Парламентот како основач или да се јавува Владата како основач. Колку што јас го разбрав законот, можеби грешам, меѓутоа мислам дека интенцијата е дека Владата се јавува во сите случаи како основач. Дури, во Законот не е предвидена можност Собранието да се јавува како основач. Мислам дека оваа концепција треба полека да се напушта и според моето лично и скромно мислење мислам дека во наредните фази од разработката на Законот, согласно поширокатa расправа која денес ќе биде во Парламентот и извештаите на комисиите, треба да се има предвид дека таа сфера, дел од јавните претпријатија особено оние за кои ќе се оцени дека се од поголемо значење се разбира дека не се сите со еднакво значење, треба да бидат основани од страна на Собранието на Република Македонија.

Ќе го кажам тоа и во оваа прилика, мислам дека овој закон следи една логичка нишка што Владата во континуитет на претходниот мандат, логика на управување со економската политика, економскиот развој и економскиот систем ни ја доставува, а тоа е огромно влијание само на Владата и минимизирано влијание на Парламентот. Сега да не набројуваме кои од овие закони сме ги донеле во последниве периоди- како се остварува контролата врз нивното работење итн., - од законите пакетот за приватизација, санациите, загубарите итн. Мислам дека ова ја следи таа логика дека Парламентот со закон ги пренесува сите овластувања до Владата, меѓутоа не задолжува за извештајност, не

задолжува за поднесување информации, извештаи, основање итн. Мислам дека влијанието на Парламентот во оваа сфера треба да биде понагласено и очекувам во наредната фаза од Законот Владата посериозно да размисли на таа тематика и да направи некаква комбинација на влијанието на Парламентот врз основањето, па донекаде и работењето на јавните претпријатија, се разбира сепак задржано на ниво од кое може еден парламент да си дозволи да го има во работата на јавните претпријатија кои се повеќе сфера на управување од страна на Владата.

Третата работа за која сакав да кажам, забележав дека голем дел од извештаите на комисиите се во таа насока и голем дел од пратениците веројатно на таа тема ќе дискутираат. Само накратко меѓутоа и мошне прецизно да кажам, мислам дека треба да се размислува во Законот да се создаде можност – не знам, не сум сигурен колку е тоа во рамките на Уставот и системот на Република Македонија, дали е можно да се створи законодавна рамка за постоење на различни видови на разни претпријатија особено ,од аспект на оние кои ќе бидат форми- рани, управувани итн. од страна на државните органи во Република Македонија, без разлика на претходното што го зборев - Парламент, Влада, кој колку итн. и јавни претпријатија кои ќе бидат организирани,основани и управувани од единиците на локалната самоуправа, меѓутоа со јасно разграничување во Законот, не само во сферата дека едните можат да формираат и другите можат да формираат, туку одредби со кои јасно ќе се гледа кој, колку,каде, што ќе управува во јавните претпријатија основани од единците на локалната самоуправа, затоа што ако ништо повеќе имаме јас би рекол правен вакум уште од донесувањето на уставните амандмани на стариот устав на СРМ, па и во новиот Устав на Република Македонија од 1991 година, еден вакум во кои единиците на локалната самоуправа се во многу

независна ситуација за исполнување на функциите кои би требало да ги остваруваат за јавен интерес, не од државен интерес, туку од интерес на локалната единица, на единицата на локалната самоуправа.

Мислам дека можеби нема да е премногу ако се направи обид во Законот за јавните претпријатија да се промовираат и конципираат два типа на јавни претпријатија: јавни претпријатија кои се основаат и управуваат од страна на државата Република Македонија и јавни претпријатија кои се основаат и управуваат за потребите на единиците на локалната самоуправа и јасно разграничување кој,како и со кого управува со профитот, без да навлечеме хипотека дека може да донесеме до различни услови на стопанисување на овие два вида претпријатија. Исти услови за стопанисување, не надвор од економскиот систем и од правниот поредок на државата, меѓутоа јасно разграничување на два одделни и различни видови на јавни претпријатија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, донесувањето на овој закон сигурно дека ќе ја пополни правната празнина односно правниот вакум кој владее во оваа сфера. За разлика од некои мислења кои беа изнесени во изминатите денови во собраниските комисии, сметам дека овој закон не би требало да оди во три фази туку во две фази, пред се поради значењето на овој закон, и од хаосот кој е предизвикан со недонесувањето на овој закон. Ние сме сведоци на бројни при- мери дека денес имаме всушност јавни претпријатија, мислам пред се на оние од комуналната сфера, кои практично немаат основач, ниту единиците на локалната самоуправа ниту државата е

нивен основач така што флуидноста во овие односи може само да наштетува. Да не ги набројувам случаите со јавното комунално претпријатие во Прилеп, во Скопје, со некои претпријатија, каде што ни судовите не можат разните нејаснотии да ги разјаснат од едноставна причина што не постои законска регулатива. Затоа, сметам дека овој закон би требало да оди во малку позабрзана постапка, пред се во две фази а не во три фази, а исто така истовремено со овој закон да се забрза со донесување на некои други закони, Закот за водите, Закон' за комунални дејности, итн. затоа што овој закон без тие соодветни закони фактички не може да заживее.

Инаку дилемата дали како основач треба да се јавува само државата или и единиците на локалната самоуправа, мислам дека за нас не би требало да постои затоа што одредени јавни претпријатија пред се во комуналната сфера би морале да бидат во единиците на локалната самоуправа, а не во државата. Затоа, алтернативата која е дадена во Законот веднаш треба уште во оваа фаза да отпадне односно да се пред- види можноста и единиците на локалната самоуправа да ги формираат овие јавни претпријатија.

Во поглед на самиот текст јас не би се задржувал многу, овој за разлика од оној за трговските друштва ќе многу пократок и поконцизен. Само би напомнал дека некои работи не се доволно јасни, особено кај управувањето. Имено, предвидено е за надворешните членови на Управниот одбор: "афирмирани и познати стручњаци од соодветната област". За мене тој термин е доста релативен и флуиден, затоа што можеби за некои еден да е афирмиран стручњак за други не и за тоа мислам дека таа одредба би требало да се брише бидејќи е непрецизна,

од една страна, а од друга страна, она што се зборува од областа на предметот на работењето на соодветното претпријатие, тоа значи само од една област може да влезат во Управниот одбор во јавното претпријатие. На пример, во Електростопанство би можеле да влезат само еднергетичари, не би можеле да влезат економисти, правници, и од другите области. Затоа, таа е доста лимитирачка, како и онаа одредба каде што стои, а според мене треба да се брише, дека "мандатот на членот на Управниот одбор престанува со наполнување на 70 го- дини". Се поставува прашање од каде е дојдено до тој критериум, токму до 70 години, можно е намалување и покачување и да се избрише таа одредба. Тоа може да се реши и на друг начин.

Исто така, во поглед на управувањето е предвидено дека во јавното претпријатие постојат подружници и дека нив ги именува Управниот одбор. Според мене, би требало директорот на јавните претпријатија да ги именува раководителите на подружниците.

На крајот само би додал дека се придружувам на оние дискутанти дека Собранието на Република Македонија е сосема исклучено, дека нема никакви ингеренции во областа на формирање, управување итн., со јавните претпријатија. Сметам дека Собранието би требало барем во одредени дејности да се јави со соодветна улога во формирањето и работењето на овие јавни претпријатија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, да не се повторувам со дискусијата на почитуваниот колега Никола Поповски по однос на презомениот концепт на јавни претпријатија, во потполно се согласувам со него, накратко ќе ги изложам моите видувања на забелешките во однос на содржината на законот, бидејќи како причина и потреба за донесување и согласност со основните начела не е спорна.

**ПАНЧЕ МИНОВ:** (Продолжение)

Прво во членот 2 мислам дека е потребно на крајот на ставот 1 каде што се набројуваат кои се дејности од јавен интерес, вели, и други стопански дејности утврдени со закон. Мислам дека има потреба предлагачот да направи усилби за конкретизирање на се она што може да се подведе под квалификацијата стопанска дејност од јавен карактер, бидејќи би било добро тоа да биде по овој така- наречен основен закон за јавни претпријатија регулирано.

Во членот 3 за мене ставот 2 основната одредба треба да се изостави и да се прифати како што беше и спомнато алтернативата, односно Републиката да биде како основач задолжително, бидејќи имаме природен карактер на многу стопански дејности од јавен карактер кои се од локален тип. Така што општината како локална самоуправа треба да биде вториот субјект и титулар на основач на јавни претпријатија. Што значи овој став 2 од член 3 треба да отпадне. Дискутабилно за мене е ставот 4 од истиот член каде што стои дека јавните претпријатија се во државна сопственост. Поврзано со искажаното претходно каде што велиме дека, а и неколку други колеги тоа го повторија, дека општината како локална самоуправа ќе биде основач на овие претпријатија ви за ви таквата субјективност на општините се поставува прашањето за тие јавни претпријатија кои ќе ги основа општината на чие име ќе бидат, односно едно покренување на иницијатива за тие прашања, а тие се јавни дејности од комунален карактер каде што и претежно инвестицијата е од граѓанството во тие дејности. Така што државна сопственост за титулар , мислам дека не ќе биде најадекватна, така што за едно размислување, ја предлагам можноста за да на тие јавни претпријатија имотот биде општински.

Понатаму по однос на другата содржина од Законот во функција на можноста предвидување да и општината биде основач . Ставот 2 од членот 11 кој што предвидува делегирана надлежност на основачот Влада врз соодветното министерство во функција на децентрализацијата на оваа надлежност, мислам дека е прифатливо решение како основно . Така што сум за отпаѓање на алтернативата на овој став 2 на член 11. Што значи да пренесено и Министерството во поодделни стопански дејности од јавен карактер застапувам да може да биде основач. Се согласувам да се размислува како основачко право покрај Владата да за оделни позначајни, условно кажано позначајнИ јавни дејности како основач покрај Владата да се јавува и Парламентот.

По однос на член 14 каде што се зборува за организациона- та можност за формирање на подружници на јавните претпријатија, мислам дека одредбата од ставот 3 која што зборува дека со подружниците раководат раководители што ги именува управниот одбор на јавното претпријатие, треба да се дополни со една одредба која што ќе предвиди можност да во ова именување на раководители на подружниците претходи и едно претходно мислење на собранијата на општините каде што се по место положба и седиште наоѓаат тие подружници на јавните претпријатија како и онаа спротивна постапка од оваа која што значи именување што укажа колегата Мерсел Биљали да тие односи на релација подружница на јавно претпријатие, органи на локална самоуправа покрај именувањето претходно мислење на Собранието мислам дека е добро да тоа исто Собрание има и една иницијативност во смисол на покренување на постапка за разрешување.

XI/3.-

Во делот на органите на јавното претпријатие сметам дека главата не е добро дефинирана и формулирана , управување со јавното претпријатие, треба да стои име, назив на главата: органи на јавното претпријатие. А по однос на одредбите сметам дека за членовите на управните одбори неизоставно, а тоа беше во работната верзија на овој предлог за донесување на закон да стои дека основен критериум за членување во управните одбори да биде стручноста, компетентноста и професионалноста на членовите од структурата на управните одбори. Сметам дека овие критериуми стручност, компетентност и професионалност треба да важат и во одредбата на член 23 кој се однесува за именувањето и разрешувањето на директорот од страна на основачот. Кога ова го предлагам исто така заради истакнување и афирмација на принципот на професионалноста, односно не политичноста на кандидатите за директори на овие јавни претпријатија би требало во овој член да се регулираат и условит еи критериумите за разрешување, заради избегнување на волонтаризам, политизација и т.н. Истакнато е и во содржината на самиот закон се работи за дејности кои се незаменлив услов на живеење и работ ана граѓаните, правните лица и државните органи.

по прашањето за контролата сметам дека во овој закон не е поместена само контролата од страна на извршната власт преку самата Влада како основач и преку поодделни министерства . Се согласувам и придружувам на предлозите претходно искажани задолжително да се изнајдат форми на парламентарна контрола која што ќе значи како што Владата,односно Министерството е овде поместено и регулирано да дава упатства за работата на управните одбори на јавните претпријатија, мислам дека во функција на една вклученост на собранијата и надлежност за парламентарна контрола да Собранието на Републиката т.е. ние даваме едни начелни упатства за работата на самото јавно

претпријатие, или во друга форма формирање на некоја постојана комисија која ќе ја следи законитоста на работата и извршувањето на законските обврски на тие јавни претпријатија.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас се надевам дека нема да се поделиме по дискусиите со оглед на тоа кој што работел досега и да се залагаме дека основачи на овие јавни претпријатија треба да бидат Републиката,односно Парламентот и Владата на Република Македонија, или пак локалната самоуправа. Меѓутоа, на почетокот би сакал да истакнам дека навистина голема е штетата што досега не е донесен овој закон за јавните претпријатија и оваа работа што не беше регулирана, мислам дека предизвика доста штета во Републиката која што за среќа беше барем ублажена со измените на законот за претпријатијата од 1993 година. меѓутоа, само за оние претпријатија што ги формира Републиката. Јас би се задржал на оние претпријатија кои што во јавноста кажуваат дека делуваат како јавни претпријатија кои што беа формирани порано од општините и кои што останаа такви какви што беа, некои јавни, а некои пак за кои што собранијата на општините како општествено политички заедници кои не донесоа одлуки за нивна трансформација продолжија да работат и потоа се регистрираа како општествени претпријатија, дури некои имаа аспирации да се приватизираат по Законот на Марковиќ. Како и да е во овие услови тие постојат, се однесуваат дволично, јавни се кога треба да бидат финансирани од државата, а не се јавни  туку самостојни кога треба да одлучат за тоа кој да биде директор, за цените на водата, шумата и слично. Мислам дека Владата воопшто не обрна внимание на оваа работа и единствен инструмент за контрола на овие претпријатија за

остварување на јавниот интерес беше и се уште е свеста и волјата на директорот и вработените од една страна во овие претпријатија и од друга страна умешноста на општината тоа да го регулира. Јас не би сакал да Ве замарам и не би зборувал за хаосот кој што постои во овие претпријатија во општините ширум Републиката, меѓутоа би навел само два при- мера кои што се присутни во Гевгелија и често го кажувам тој пример од оваа говорница во врска со претпријатието за Водостопанство во Гевгелија кое што фигурира како општествено претпријатие, кое што има монопол да стопанисува со водата за наводнување и со продажбата на песок , кое што утврдува самостојно цени, кои што се така високи што произведуваат само реакции кај водокорисниците.

Од оваа говорница јавно го поставувам прашањето со кој инструмент министерот за Водостопанство може да влијае да се намали цената на водата бидејќи се покажа дека секаде во Републиката е различна и пониска од Гевгелија и со кој инструмент министерот може да го постави, или смени директорот на тоа претпријатие.

Втор пример е примерот со локалното радио во Гевгелија кое што е сместено во државни простории, кое што прима плата од Републичкиот Буџет 65% и кое што локално радио е општествено само кога треба да изберат директор. Владата веќе три години не може да го разреши тој случај. Во судовите тоа прашање веќе се провлекува три години и не ни останува ништо друго освен да изразиме надеж дека во наредните пет години судот ќе го реши овој спор. Сето ова покажува дека иако сме мала држава Владата не може да покрива се и конечно треба сите да сфатиме, па и Владата дека за разлика од правата кои се преселија комплетно во Скопје, сепак проблемите останаа доле во општините каде што се одвива животот. Од тие причини според мене во Законот за

јавните претпријатија треба да се направи обид да се разграничи во кои области Републиката, а во кои области општината, односно локалната самоуправа може да формира јавни претпријатија. Оваа моја заложба не е мотивирана како на колегата Биљали во врска ,со нечија дискриминација на општините, туку оваа моја заложба е поткрепена врз основ ана реалните потреби на граѓаните по тие општини и реалните можности и на Парламентот и на Владата да ги контролира Владата. токму затоа сметам дека решенијата во законот за јавните претпријатија треба да се носат во една констелација како со Законот за трговските друштва уште повеќе во оваа сфера и за оваа моја заложба со Законот за локалната самоуправа каде што се предвидува дека и единиците на локалната самоуправа можат да формираат јавни претпријатија.

Второ што сакам да кажам се залагам законот да се донесе во две фази и што побрзо бидејќи е неопходно овие односи да се регулираат со посебни закони врз основа на овој закон што значи дека ќе помине уште доста време, а дотогаш барем во одделни сфери коишто ги набројав не сум сигурен дали ќе биде штитен јавниот интерес, бидејќи вака не регулиран тој е поблиску до личниот интерес на луѓето вработени во овие претпријатија кои се многу малку во однос на тие што ги користат нивните услуги, а тоа не е добро . Впрочем конечно ред- но е државата прво да ги дефинира сопствените интереси, а потоа интерес сите на другите субјекти.

**ЈОВАН ЛАЗАР0В:**

Добро е што овој закон дојде на дневен ред. Јас паралелно со него го очекувам и Законот за јавните установи кој што исто така е битен како и овој закон кој што ќе овозможи потоа донесување  на законот за

средното, високото образование,Законот за универзитет односно наука и т.н. Со овој Закон треба да се регулираат неколку основни работи . Прво е тоа кои претпријатија ќе се третираат како јавни претпријатија во државата и добро е што Владата ни даде една табела да видиме во која држава колку и кои претпријатија спаѓаат во јавни претпријатија. Таму јасно може да се види дека во најразвијните капиталистички земји како што се Јапонија, Америка и Канада најмал е делот од претпријатија кои што се јавни претпријатија, од- носно државни, главно поштите, додека во една друга група држави како што е Франција, Англија, Австрија, Индија итн. имаат повеќе претпријатија кои што спаѓаат во јавни претпријатија, односно државни претпријатија. Кај мене се создаде едно размислување дали и кај нас Железарата треба да ја ставиме во јавно претпријатие. Со оглед дека во голем број земји , или целосно , или три четвртини од железарите се јавни, или државни претпријатија. Ако челикот е една стратегиска суровина која што е многу важна за развојот на другото сто- панство тогаш мислам дека треба и ние сериозно да размислиме дали железарата треба да биде државно претпријатие. Тука и е министерот кој е одговорен за ова сериозно нека размисли и за следната фаза нека предложи, па повторно ќе разговараме.

Втор битен елемент е овде ова основање за кое што веќе претходните колеги дискутираа. Јас исто ценам дека некои претпријатија кои што се по значајни за државата треба Парламентот да ги формира, на пример Телевизија, Пошти и т.н., додека на општините односна некои треба да ги формира Влада,а на општините треба да им се препуштат оние претпријатија кои што ги регулираат комуналните дејности. Мислам дека и тука треба да се заврши, затоа што ако е јавно претпријатие, државно претпријатие, ако тоа претпријатие не остварува доволно

сопствени средства, мора државата да го финансира. Ако мора веќе државата да го финансира, тогаш државата треба и да одлучува околу неговото формирање.

Трето прашаше кое е битно да се регулира овде, а тоа е управувањето. Во Законот има предлог Владата да го именува директорот, Владата го именува управниот одбор и Владата го именува надзорниот што е новина, затоа што во овие јавни претпријатија што сега постојат немаме надзорни одбори именувани од Владата. Сега не спорам дека така треба да биде, но ценам дека сите тие се независно формирани од Владата, меѓутоа нивната меѓузависност, нивната корелација не е доволно регулирана овде, иако има нешто наведено, меѓутоа што директорот има право и одговорности, што управниот одбор и што директорот со управниот одбор заедно , или мора да му поднесе на управниот одбор и т.н. Мислам битно е за да не се создаваат утре конфликти, односно секој да цени дека е формиран од Владата и не зависен од другиот, па може да создаде конфликти при натамошното делување на претпријатието.

И овие четири члена на управниот одбор кој што се избрани од членовите на организацијата , внатрешните членови таканаречени не е јасно како ќе се избираат, техниката на избирањето. Мислам многу е битна затоа што не е се едно дали работниците ќе ги избираат акционерите, односно работниците, или директорот ќе ги избира. Треба да се регулира тоа со еден член, мислам дека тоа не е многу тешко, треба да се регулира техниката на изборот на тие четири члена. Потоа се постави овде исто дилемата околу штрајкот, исто така и кај мене постои дилема нерасчистена, признавам, дали тие работници кои што се во овие јавни претпријатија, државни претпријатија, тоа се државни службеници, дали воопшто треба да имаат право на штрајк.

XI/9.-

Второ, ако имаат право на штрајк, дали може да се доведе функционирањето на тоа претпријатие, дали може Електростопанство на пример една термоцентрала да се затвори, или пошта и т.н., затоа што работниците штрајкуваат, мислам дека тоа е многу битно прашање, ако треба јас се залагам овде да се реши тоа прашање. Конечно за изборот на директор мислам дека многу важна фигура, личност на овие претпријатија е директорот кој сметам дека треба да биде врвен менаџер, прав менаџер и кој што ќе биде добро платен да не влегува во тие платни разреди, но и ќе има голема одговорност. Сметам дека директорот не треба да биде носител на друга јавна функција во Македонија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас сум за да се донесе Законот за јавните претпријатија бидејќи со него се предвидуваат области од стопанството што се од значење за животот и работата на граѓаните, така и за функционирање на стопанството и целокупниот живот на земјата.

Констатирам дека има потреба од донесување на ваков закон со цел да се изгради нов и со Уставот на РМ усогласен концепт за јавни претпријатија, при што како основа за економските односи се гарантира слободата и пазарот за претприемништвото, неприкосновеноста на правото на сопственост и еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот.

Со оглед на значењето на овој системски закон и неговата поврзаност со одредбите на Законот за трговските друштва кој се наоѓа во собраниска процедура, ценам дека е потребно истиот да се разгледа во три фази.

Основните начела врз кои се засновува законот чие донесување се предлага, ценам дека се основни и ги поддржувам.

Во поглед на содржината на законот сметам дека со Предлогот за донесување на закон се опфатени прашањата што треба да бидат предмет на уредување на овој закон. Во предлогот за уредување на закон за јавните претпријатија ги изнесувам следните забелешки:

Прва забелешка , во член 2 став 1 да се прецизираат зборовите "како и во другите стопански дејности утврдени со закон", односно да се

појасни кои се другите стопански дејности во кои ќе се остварува јавниот интерес и на кој закон тие ќе бидат предмет.

Втора забелешка, да се утврди прецизна формулација во врска со основањето на јавни претпријатија, бидејќи во член 3 став 1 е утврдено дека јавни претпријатија оснива РМ, а во член 9 став 1 е утврдено дека Јавното претпријатие се основа со Одлука на Владата на РМ во согласност со закон.

Трета забелешка, во врска со член 3 став 2 мислам дека треба да се прифати алтернативата на ставот 2, според која за вршење на одделни стопански дејности од јавен интерес, јавни претпријатија можат да основаат општините и град Скопје под услови и начин утврден со закон.

Четврта забелешка, истовремено во колку се прифати алтернативата на член 3 став 2 се наметнува потребата од утврдување и на соодветна регулатива, кој во името на општината односно град Скопје ќе ги презема мерките утврдени во член 40 од Законот.

Петта забелешка, членот 4 за мене е неприфатлив во јавното претпријатие да вложуваат средства јавни и физички лица, односно членот 4 да се брише.

Шеста забелешка, на членот 8 став 2 и 3 да се прецизираат одредбите, бидејќи ценам дека истите се контрадикторни.

Седма забелешка, член 18 став 1 , одредбата е тешко остварлива.

Осма забелешка, одредбата на член 20 став 2 е непрецизна, заради тоа што ценам дека е потребно зборот "најмалку" да се замени со зборовите "повеќе од".

Деветта забелешка, одредбата од член 25 да се процени според која работниците учествуваат во одлучувањето на јавните претпријатија, согласно Законот за трговските друштва, бидејќи законот за трговските друштва се уште не е донесен.

Десетта забелешка, ја поддржувам алтернативата на член 32 до 36 според која одредбите во врска со штрајкот за јавните претпријатија треба да се утврдат со закон за штрајк.

Единаесетта забелешка, во законот исто така не е регулирана употребата на јазиците. Во колку Владата смета дека ова прашање треба да се регулира со посебен закон, тогаш јасно ми е зошто нема одредби од оваа област во законот за јавните претпријатија. Доколку не, тогаш предлагачот да го регулира соодветно ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Аце Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа ќе бидам сосема краток, само во неколку реченици, мислам дека не е добар концептот целата област да се препушти на Владата во областа на јавните претпријатија.

Исто така, сметам дека за локалните претпријатија треба да се препушти можност на општините да основаат јавни претпријатија, а тоа би значело дека треба да се дефинира дека локалната самоуправа треба да има сопствен имот, затоа што на сето тоа се надоврзува нелогичноста Владата да формира јавни претпријатија и на државно и на локално ниво.

Исто така, би сакал посебно да го потенцирам тоа што го зборуваше г-дин Никола Поповски , а го поддржа и Панчо Минов дека не би било добро Владата да го има монополот на основање јавни претпријатија и на утврдување на јавниот интерес и главно одлучување во управувањето за оние претпријатија кои се од државен карактер и кои покриваат дејност на територијата на целата држава. Посебно тука би илустрирал со фактот дека такви решенија, на пример кај Македонската РТВ односно кај радиодифузијата дека не би поминале во Советот на Европа и сигурно не се во склад со демократските интенции за тоа што би значеле нарушување на самостојноста и независноста на тоа гласило.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Петре Трајановски, има збор.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, го поддржувам предлогот за донесување на закон за јавни претпријатија затоа што тој претставува услов за трансформација на дејностите од јавен интерес наведени во членот 2 од овој закон, меѓу кои и шумарството, за кое што јас сакам да го кажам моето мислење.

Овој закон ќе биде основа за донесување на законот за шуми со кој треба да се дефинира делот од стопанисување со шуми што претставува јавен интерес, во другиот дел, чисто претприемачки дел, подлежен на конкуренција на пазарот.

Од образложението дадено во Предлогот за донесување на закон за јавни претпријатија произлегува дека предлагачот за разлика од другите стопански дејности од јавен интерес не ја проучил организацијата на стопанисување со шумите во развиениот свет и за тоа не

XII/5.-

можел да каже што во тој свет се третира како строго јавен интерес за разлика од оној дел каде треба да доминираат капиталните односи. Ова, се со цел за модерна организација и економска ефикасност.

Моите сознанија укажуваат на тоа дека делот од јавен интерес во шумарството треба да се стеснува за сметка на оној дел каде ќе преовладуваат капиталните односи. Предлагачот на законот, мислам дека ќе мора да ги проучи разните модели на организација на шумарството во развиениот свет пред донесување на законот за јавни претпријатија.

Моите конкретни забелешки се во членот 2, каде што зборовите "стопанисување со шуми" да се заменат со зборовите "одгледување заштита, унапредување подигање на нови шуми". Потребно е поширокиот поим "стопанисување со шуми" да се расчлени на активности што значат афирмација на општокорисните функции на шумите, што претставува недвосмислен јавен интерес. Тоа е заштитата, одржувањето, обновувањето , унапредувањето на шумите и подигање на нови шуми. Под користење на шумите, а тоа е производство на главни и споредни шумски производи, изградба на патишта, транспорт, примарна преработка на дрвото, дејности комплементарни на шумското производство, каде предност има приватната иницијатива над државната регулатива.

Понатаму, во членот 3 став 2 да се бришат зборовите "и други стопански дејности". Тоа од причина што општината како локална самоуправа треба да формира само јавни претпријатија од комуналните дејности, а не и за други стопански дејности. Се јавува дилемата што овде треба да се разјасни. Дали членот 3 го предодредува решението да се формира единствено републичко јавно претпријатие за стопанисување со шумите? Ако е тоа така, таквото решение сметам дека треба да се измени поради следново:

XII/6.-

Прво, од еден центар не може да се организира стопанисување со шуми на површина поголема од 1 милион хектари и производство на бруто дрвна маса од преку 1 милион метри кубни годишно.

Второ, разградување на постојните претпријатија на една успешна структура создадена со години, а за најголемиот дел од вработените и престанување со работа.

Создавање на еден непродуктивен центар, дирекција, со огромен службенички персонал, немање можност да се контролираат трошоците на работењето од еден далечен центар и немање можност за носење на правовремени деловни одлуки. За жал, тоа го потврдува и праксата, сите досегашни големи системи од областа и на шумарството и на земјоделието пропаднаа. Во секој случај, законодавецот со анализа, односно елаборат треба да ја докаже предноста на единственото јавно претпријатие на досегашната територијална поделба. Сметам дека поуспешно ќе функционираат ако сегашните претпријатија од областа на шумарството се трансформираат во Републички јавни претпријатија. Секое јавно претпријатие ќе биде заокружена техничко - технолошка целина, за разлика од железниците, ПТТ и електростопанството, каде техничко - технолошката целина е на ниво на држава.

Вака формираните јавни претпријатија од шумарството ќе можат да се поврзуваат со можности што ги дава членот 15 од овој закон.

Понатаму, предлагам да се брише алтернативата на членот 4. Ценам дека членот 4 треба да постои со тоа што ќе овозможи внесување на приватен капитал во јавните претпријатија заради зголемена ефикасност во работењето и побрз развој на стопанската гранка.

Во членот 30 да се додаде нов став кој ќе гласи "Вработените во јавните претпријатија имаат право на дел од добивката што ќе се утврди со колективен договор на ниво на гранка и актите на претпријатието".

Шесто, одредбите за штрајк да се уредат со закон, односно целисходно е материјата за штрајк да се регулира со единствен закон, па затоа треба да се бришат членовите од 32 до 36.

На крајот, се придружувам кон предлогот на неколку пратеници, овој закон да оди во две фази, со цел побрзо да се донесе, а паралелно на него и другите закони што ја регулираат материјата од дејностите од јавен интерес за побрзо да се донесат, со цел работите да дојдат на свое место.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Туше Гошев има збор.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, пред нас имаме еден законски проект со добра номотехничка техника направен и кој во суштина сака да ја уреди материјата што е предмет на самиот законски проект.

Но, утврдувајќи го, дефинирајќи го општиот јавен интерес со Уставот на РМ и поаѓајќи од таа инонсоцијација во доизградувањето на тој систем што сака и самиот закон да го уреди до крај, тука не станува збор за дефинирање на јавниот интерес кој го дефинира во суштина Уставот и не му дозволува на законот тој на подруг начин да го дефинира, туку тука во суштина станува збор за еден организационен закон што сака да го уреди правниот инструментариум за уредување на јавниот интерес во РМ.

XII/8.-

Поаѓајќи од самиот законски проект уште на почетокот ние може да видиме дека во неговата хипотеза на развивање на самиот законски проект од членот 1 и членот 2 во суштина ги поставува основите од кои понатаму ќе се развие и самиот законски проект.

Од тука, барајќи членот 2 во позитивна нумерација да ги уреди сите прашања од јавен интерес за стопанисување е една голема грешка затоа што сите области од јавен интерес посебно ќе бидат уредени со посебни закони, како што е Законот за експропријација, Законот за градежно земјиште, Законот за водите, Законот за земјоделското земјиште итн. Па оттука предлагам да таквата номотехника да не биде прифатена во самиот законски проект, туку да се оди во тотал техника или глобал, за да не направиме дефинирајќи го докрај јавниот интерес да испуштиме одредени области кои понатаму ќе му штетат на самиот законски проект.

Членот 3 посебно кај што нагласува дека јавни претпријатија основа РМ, ако појдеме од уставните определби дека основен легитимен орган на РМ кој го носи суверенитетот на народот и во донесувањето на самите проекти кои му ги дава членот 68 од Уставот на РМ, т.е. Собранието на РМ и подоцна во членот 9 став 1 кај што кажува самиот законски проект дека единствено Владата може по закон или со одлука да основа, со одлука да основа јавни претпријатија, тоа е една груба повреда на Уставот на РМ каде на Собранието со овој закон дефакто му го ограничуваме правото да може со донесувањето на нормативни акти, тоа основа јавни претпријатија.

Четвртата формулација кај што кажува дека јавните претпријатија се во државна сопственост и со членот 4 во таа хронолошка развиточна мисла се во директна колизија, затоа што ако веќе дозволуваме одредени јавни претпријатија имотот да им биде 51% повеќе на физички

и правни лица, тогаш дефакто во суштина не може да зборуваме за државна сопственост и во тој член 4 е напра- вена груба повреда која со Уставот е предвидена дека сопственоста, располагањето со сопственоста не може да се ограничи каде што кажува дека за статусните промени на тие јавни претпријатија каде треба да се направи во тие јавни претпријатија, иако државниот имот е помалку од 51%, да биде со значајна улога во одлучувањето на тие статусни промени. Сметам дека тука се повредува уставното начело за располагање со правото на сопственост.

Понатаму, кога зборуваме за правниот субјективитет на стопанските субјекти, ние употребуваме повеќе термини. Едниот го кажуваме дека ќе има , дека тој стопански субјект ќе одговара со целокупниот свој имот од една страна, а од друга страна во номотехничка смисла употребуваме уште една израз, а тоа е со ограничена сопственост, тоа значи дека претпријатието ќе располага со целокупниот имот што го има и на крајот бидејќи станува збор за јавно претпријатие што е од општ интерес за остварување на другите функции за заштита на животот на граѓаните за кои државата треба посебно да води грижа, каде и во законот за стечај и присилно порамнување во член 4 кој до денес го имаме, тие јавни претпријатија не можат да одат во стечај и тука, во иста нормативна смисла определуваме дека тие стопански субјекти не можат да одат во стечај. Тука единствено за преземените обврски одговара државата со целокупниот свој имот.

Единствено не ми се допаѓа номотехниката каде кажува дека основачот е должен да презема мерки за обезбедување услови за непречено работење и функционирање на јавното претпријатие, да даде

гаранција итн. доколку тоа ги исполнило условите за стечај. Ако веќе го исклучуваме тој стопански субјект да не може да оди во стечај тогаш не можат да важат критериумите предвидени во Законот за стечај каде што кажува дека тоа треба да биде инсолвентно 60 дена или 75 дена, согласно на тие услови што се утврдени во тој системски закон.

Во членот 11 посебна забелешка правам на ставот 2, каде правата што ги добива по членот 9 став 1 дека може да основа јавни претпријатија со делегација го префрлува на Министерството, сметам дека тука нема ниту по Устав овластувања на Владата со таква делегација да префрли, затоа што Владата нема меритум да донесува закони , а преку закони да прави делегација на овластувања што се дадени со Устав и со закон.

Посебно сакам да нагласам каде на општината почесто се ограничува правото да може и таа да основа стопански субјекти и поаѓајќи од членот 114 и 115 од Уставот каде општината, согласно на тие ингеренции што се дадени во локалната самоуправа, има самостојност во уредувањето на тие прашања, изворни, дадени со Уставот, таа може да основа такви јавни претпријатија од интерес на граѓаните кои ќе живеат на таа единица. Единствено непримерно е толкувањето и гледам почесто се употребува терминот општински имот, да ви кажам дека тоа е еден анахронизам. Општинскиот имот е изведен од дефиницијата на општествената сопственост каде се докажуваше дека општествената сопственост е не историска категорија, туку со идеолошки нормативна содржина, а не пак дека сопственоста е докажана историска категорија со правна и економска содржина, па оттука недефиниран самиот поим како општински имот во системскиот закон што го имаме за основните сопственички права и еден недефиниран термин не треба да стои во таков законски проект, затоа што ако така ги дефинираме, тогаш тој

општински имот не може да го дефинираме ниту по обем ниту по содржина, ниту пак во располагањето, во отуѓувањето итн., кои титуларот на таа сопственост треба да ја располага.

Еве само еден пример ќе ви кажам , дали може едно општинско собрание да го продаде зградата каде се наоѓа општинското собрание, ако тој е веќе титулар, носител на тоа право на сопственост?

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (Продолжение)

Затоа ви кажувам дека тој имот не е дефиниран се уште кај нас и не може да се употребува. Почесто ќе стои дефиницијата согласно на уставните амандмани каде на општината и се одзема правото како општествено политичка заедница туку станува локална самоуправа и оттука тој дел на имотот поминува во државниот имот. Ние кога ќе ги донесеме системските закони за основните сопственички права, тогаш и државниот имот ќе го дефинираме и по обем и по содржина.

Една новина за прв пат која е во членот 14, таму се кажува, иако органите на тие јавни претпријатија дефакто ги основа Владата и самиот член 14 не прави разлика ако веќе му дадеме право на единицата на локална самоуправа и таа основа стопански субјекти дали може еден министер на стопански субјект, јавен стопански субјект кој основа единиците на локална самоуправа да им дава соодветни забелешки тогаш директно го руши членот 114 и 115 од Уставот каде се кажува дека општината самостојно одлучува со свои акти и тн. Мислам дека тука тој член прави збрка меѓу извршната власт и локалната самоуправа и не му е местото така да биде дефиниран во тој член 14.

Исто новина се предлага за прв пат се уште недефинирана во членот 15 каде станува збор за владеачко претпријатие, мислам дека иако познато во светот ваквиот начин на организација на јавни претпријатија во тој член се уште не докрај дефинирано, дали станува за технолошки, економски итн. и основано ќе се поставува прашањето ако го поставиме за шумските стопанства за водостопанските стопанства дали е Републиката со таков член ќе направи монополска положба на одредени стопански субјекти кои ќе учествуваат во тој правен промет и директно ќе го руши Уставот на Република Македонија, каде што кажува

дека "Републиката ќе се грижи против монополската положба и еднаквоста на сите стопански субјекти кои ќе делуваат и ќе работат во Републиката".

Исто така, се уште е недоволно дефиниран деловодниот одбор каде што кажува кој ќе го сочинува тој орган на управување и сметам дека тука треба да биде попрецизно за да ја заштитиме законитоста на самиот закон во управувањето на тој стопански субјект. Не е новина кај нас организацијата на управните одбори, каде што кажуваат дека не е уредено прашањето. Кај нас за јавните претпријатија е уредено прашањето, почнувајќи од членот 24, па завршувајќи на членот 196-6 од Законот за претпријатијата, каде што и подоцна во Законот за Владата, ако се сеќавате, кога го менувавме, на Владата му дадовме од редено овластување за да може и таа да основа стопански субјекти, па по иста номотехника како што предвидуваат тие системски закони, така и овој закон го уредува управувањето во управните одбори каде што кажува дека Владата ќе именува 7 членови, а вработените ќе именуваат 4. Единствено останува отворено прашањето кој ќе ги именува тие 4 членови, кога ние по Законот од времето на Анте Марковиќ имавме уредување на акционерските друштва, каде што се кажуваше дека капиталот учествува со толку, а општествената сопственост учествува со толку. Сега тоа го немаме и јас предложив на седницата на Законодавно - правната комисија овие 4 луѓе не посредно да ги избираат сите вработени во тој стопански субјект на начин на непосредно изјаснување.

Неуставен е членот 18, став 2, каде што кажува дека мандатот на член на Управниот одбор на Јавното претпријатие престанува со навршувањето на 70-те години старост. Ако Вие појдете по членот 23 од

XIII/3.-

Уставот на Република Македонија, каде што се вели дека за секој граѓанин е достапна секоја функција и работа, со такво ограничување кое е надвор од Уставот на Република Македонија ислам дека нема уставен кредибилитет за такво ограничување, да не може одреден граѓанин да биде член на Управниот одбор.

Посебно сакам да нагласам за одговорноста на директорот во разрешувањето и поради неизвршување на функцијата, Законот не разликува кога Владата се наоѓа како основач на тој стопански субјект и кога тој стопански субјект ќе го основа локалната самоуправа, општината, каде што кажува дека Владата со своја одлука ќе го разреши директорот на јавното претпријатие, кој учествува. Мислам дека тука законот треба уште да го доработи тој член и прецизно да ги уреди сите прашања кои се наметнуваат во врска со разрешувањето.

Прашањето аз одговорноста исто така не е уредено, затоа што Законот за трговски друштва уште не е донесен и докрај не дефиниран, не може да се прави аналогија на решението во тој закон со друг, затоа што Законот за трговски друштва предвидува лепеза на стопански субјекти кои ќе учествуваат во правниот промет и дали таквата тоталтехника или негативна нумерација директно ќе одговара на решенијата кои се предвидуваат и за тие стопански субјекти, така што да го изедначиме разрешувањето и одговорноста на директорите во јавните претпријатија и во тие трговски друштва. Еве еден практичен пример. Ако трговското друштво е во приватна сопственост тогаш какво ќе биде разрешувањето. Не може да се изедначува со јавното претпријатие.

Со Статутот на стопанскиот субјект сметам дека само единствено ќе се уредува организацијата, а управувањето е уредено веќе со самиот

закон и постапката на донесувањето на сите акти кои треба да ги има еден стопански субјект.

Се предвидува една новина во организационата поставеност на стопанскиот субјект, каде што се вели дека доредени подружници ќе бидат регистрирани пред надлежните регистарски судови без правен субјективитет. Тоа е една новина која законот кај насе се уште не ја познава, ниту Законот за упис во судски регистар, ниту било кој друг закон, па отворено ја поставувам дилемата, кога ќе стане збор, ако еден стопански субјект нема правен субјективитет, како може да биде запишан во Судскиот регистар. Тој не може да донесе ниеден акт кој ќе биде основа за запишување во Судскиот регистар на тој стопански субјект. Кај нас беше познато одредени делови од претпријатијата да имаат одредени овластувања во правниот промет на заклучување на договори, но тие никогаш не беа запишани во Судскиот регистар на стопански субјекти без правен субјективитет. Мислам дека тука до крај треба да се уреди материјата и да се види, ако веќе стои така, треба да се прават измени во многу други системски закони, почнувајќи од Законот за запишување во Судскиот регистар, во уредбите за упис во Судскиот регистар итн.

Што се однесува за штрајкот, јас сметам иако е уредено прашањето во членот 21 од Уставот на Република Македонија, сметам дека штрајкот е организиран прекин на работа и дека тој треба да биде дефиниран во Системскиот закон за штрајк. Тука не му е местото заради дисонантноста на решенијата кои можат да бидат произведени во системскиот Закон за штрајк и овој закон, кој во суштина ќе направи хоризонтална колизија. Единствено во членот 35 каде што кажува дека Владата на Република Македонија со пропис утврдува кои лица носители на раководни функции, со оглед на местото на водењето на работите, да му забрани на кој вработен дека не може да штрајкува. Законите тука не

ги пишуваме за луѓето туку тие се општи правни правила кои треба да регулираат неодреден број на случаи и не може за одредени личности да го врзуваме ограничувањето на правото на штрајк.

На крајот сакам да кажам, иако со Законот не е предвиден стечај на претпријатието, во суштина членот 40 значи ставање на претпријатието под принудна управа, кога дозволува на Владата на Република Македонија да го разреши директорот, да го распушти Управниот одбор, да ја промени организацијата на јавното претпријатие, да го запре од извршување итн. Овој член не прави разлика на тие јавни претпријатија кои ќе ги основаат единиците на локалната самоуправа и државните органи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Мирко Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, ќе се погрижам да не повторам ништо од она што го слушнав досега.

Сметам дека овој проект на јавните претпријатија треба да ги уреди основите за статусот на јавните претпријатија. При нормативно регулирање на оваа материја треба да се постигне рамнотежа на јавната контрола и на деловната ефикасност. Според ме- не, деловната ефикасност подразбира таква организација со која ќе се обезбеди извесна самостојност и иницијативност во вршење на таа дејност и еластичност во настапот на пазарот, својствена на приватната индустрија. Ова значи дека за постигнување на деловна ефикасност неопходна е економија во однос на државните органи.

Меѓутоа, овие јавни претпријатија дејноста ја вршат со средства од државата, а загубите во работењето мора да ги покрива државата, па тогаш доаѓа во колизија дејноста од тој јавен интерес. Заради ова државата има интерес претпријатијата да ги контролира. Ќе кажам директно.

Членот 4 - ја прифаќам алтернативата, бидејќи не смеам да дозволам средба на државниот и приватниот капитал. Од искуството што досега го имавме, секогаш приватниот капитал одел да го ерозира државниот и да нема прелевање од државниот во приватниот капитал. Сметам дека член 4 треба да се брише.

Член 11, став 2 да изостане, односно да се прифати алтернативата на овој став, бидејќи можноста што ја создава овој став, Владата да може правата што ги има во својство на основач на јавно претпријатие да ги пренесе на одделни министерства не е во согласност со Уставот. Уставот не дава можност еден орган својата надлежност да ја делегира во друг орган, всушност делегацијата на надлежност е опасна работа, почеток за создавање на хаос во вршењето на државните работи.

Што се однесува до член 11, да се размисли дали не е поприфатливо, согласност на статутот да дава Собранието, односно превентивниот надзор да го врши Собранието, како и досега, со цел Собранието да биде во можност да види дали јавниот интерес во статутот е обезбеден на начин што ќе овозможува непречено и трајно вршење на дејноста на јавното претпријатие, заради нормално одвивање на животот и работата на одделни сфери на општествениот живот.

Имам забелешки и на член 16 став 3, преземање на сопствена одговорност на управување со јавно претпријатие. Нејасна е формулацијата за каква одговорност станува збор, материјална,кривична

дисциплинска, политичка или сите заедно. Доколку тоа не се прецизира, останува гола фраза без значење и последици.

Член 17 од Законот дава можност Управниот одбор да се состои од 7 до 11 членови, а со одделни закони за јавните претпријатија да се определува фиксна бројка. Ова од причина што има такви јавни претпријатија во кои е потребно Управниот одбор да брои повеќе членови и такви каде ќе нема потреба од таков број, односно управувањето поефикасно може да се врши со помал број на членови.

Во ставот 2 да се пропише, сите членови на Управниот одбор да ги именува основачот и тоа на тој начин што одреден број да бидат афирмирани и познати стручњаци од областа на предметот на работењето на јавното претпријатие, а одреден број да бидат именувани од редот на вработените. Кога велам од редот на вработените, тоа го предлагам од следните причини. Нема орган во јавно претпријатие што ќе ги именува претставниците на вработените. Ако тоа се препушти на сите вработени како форма на лично изјаснување на вработените е крајно нерационално решение. Бидејќи со законот се предлага нивниот статус, сметам на вработените, да биде ист со статусот на вработените во државната управа, ќе се запрашаме: Дали вработените во државната управа имаат можност да ги предлагаат нивните шефови или да учествуваат во нивно именување.

Во член 37 е предвидено вработените да имаат положба како што претходно реков на вработени во органот на управа. Ова може да се продискутира, но до колку остане во законот таквото решение, а бидејќи се работи за вработени во претпријатија што вршат стопанска дејност и нивната цел дејноста да ја вршат на профитабилен начин, заради мотивација на вработените, во работниот ангажман предлагам да се

создаде можност со законот одреден процент од профитот - од 20 до 30% - да биде како можност вработените да го користат за зголемување на платите. Ова е начин за поголема ангажираност и креативност на вработените во јавните претпријатија и остварување на функцијата на тоа претпријатие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, би сакал накратко да напомнам некои мои забелешки во однос на предложениот закон, односно Предлог за донесување на закон кој е во прва фаза. Добро е што Предлогот за донесување на закон е понуден токму во ова време, со оглед на фактот ова се подразбира како една логична последица од донесувањето на Законот за трговски друштва. Меѓутоа, заговарањето дека ваквиот закон треба да се донесе по итна постапка или да кажеме на најбрз начин на донесување во другите фази, сметам дека не би одговарало со оглед на фактот што јасно е кажано и добро е тоа што е кажано во овој Предлог за донесување на закон дека и општините треба и можат да донесат односно да основаат претпријатие од јавен интерес, односно јавни претпријатија. Со оглед на фактот дека законот за локална самоуправа не е донесе, а во оваа фаза општините функционираат незаконски, а знаеме од која причина не функционираат, би било нелогично пред донесувањето на законот за територијална поделба и законот за локална самоуправа да се донесе еден ваков закон, затоа што во тој правен вакум би било нелогично тие општини да основаат некои претпријатија од јавен интерес.

XIII/9.-

Втора општа забелешка во однос на овој Предлог аз донесување на закон е во однос на менаџерскиот тим. Сметам дека ваквата форма каде што менаџерот, односно директорот кој раководи со едно јавно претпријатие нема можност или неговиот тим за раководење му го формира основачот е потполно нелогичен, затоа што во една таква ситуација е прашање кој директор колку ќе може да раководи со едно такво претпријатие и дали ќе има можност да раководи кога знае дека неговите први соработници ги одредува некој друг. Сметам дека една ваква нелогичност мора да се отстрани и мора да му се даде потполна слобода на тој директор на јавно претпријатие сам да го одреди раководниот тим кој е во согласност со сите менаџерски принципи на раководење. Се разбира, Управниот одбор, односно надзорниот одбор е тој кој практично го контролира од аспект ан раководењето.

Трета работа која е како општа забелешка е од аспект на штрајкот. Сметам дека штрајкот треба да има посебен третман во вакви претпријатија. Знаеме примери низ светот дека се случуваат ситуации каде штрајкувачите ги запоседнуваат просториите на јавното претпријатие и не дозволуваат да функционира, па според тоа врз основа на такви искуства мора да се донесе посебен третман на тој штрајк, каде што штрајкувачите едноставно ќе се исфрлат од просториите за штрајкување, а на нивно место ќе се донесат работници кои можат да ја извршуваат таа функција на јавното претпријатие. Еден ваков случај имавме во САД, кога контролорите на летање едноставно ги запоседнаа просториите и не дозволија да се обавува таа функција на авио - сообраќајот. Во тој случај, државата мораше да ги отстрани од работните места, односно донесе екипа која практично ја обавуваше функцијата на тоа јавно претпријатие.

Не би ги читал сега сите поединечни забелешки, меѓутоа, би рекол прво дека Управниот одбор не би требало по мое мислење да биде доминантно управуван од основачот од аспект што е даден предлог да се предложат седум кандидати од 11, да бидат учесници односно членови на Управниот одбор. Тука односот мора да биде малку намален, да бидат 6:5, од аспект што треба да се дозволи и од вработените на јавното претпријатие да се вклучат во Управниот одбор.

Исто така, во член 28 ми се чини е дадена улогата на Надзорниот одбор, каде што се вели дека Надзорниот одбор врши контрола и на управувањето на јавното претпријатие, што според мене е во колизија, бидејќи јасна функција на Управниот одбор е дека имаат дадена функција да управува со јавното претпријатие.

Повеќе не би должел, мислам дека ова е прва фаза и сметам дека има доволно време сите овие согледувања да се разгледаат и во втората фаза да биде предлогот прочистен со сите овие забелешки и од комисиски карактер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Молам да утврдиме колку пратеници се присутни во салата пред да преминеме на гласање.

(По пребројувањето се виде дека има доволен број пратеници во салата).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

XIII/11.-

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за јавните претпријатија.

Бидејќи има два предлози, предлагам да гласаме одвоено за заклучоците. Бидејќи имаше сугестии да се донесе законот во три или во две фази, предлогот на Владата е во три фази, молам, да гласаме прво за заклучокот...

XIV/1.-СП/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе гласаме прво за заклучокот дека Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за јавните претпријатија.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?

61 пратеник.

Дали е некој против? (Никој).

Дали има воздржани? (нема).

Вториот заклучок, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието. Ова е предлогот на Владата законот да оди во три фази.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (25 пратеника)„

Овој заклучок не е усвоен.

Кој е за заклучокот Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

Молам, кој е за нека крене рака? (48 пратеника).

Дали е некој против? (7 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека овој заклучок е прифатен.

Трето, заклучокот заедно со извештаите на работните те- ла да се достави до Владата на Република Македонија, Министерство- то за развој, Министерството за стопанство, Министерството за прав- да и Министерството за сообраќај и врски.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?

Благодарам.

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Преминуваме на/9-тја точка.

Сега да се договориме, ве молам, има неколку одлуки, па дали е порационално да одиме на усвојувањето на овие одлики или да закажуваме продолжение за некој друг ден. Се работи за неколку одлуки кои треба да одат.

Одиме понатаму.

**Точката девет** е - Предлог на одлука за одбележување годишнини на значајни настани и личности во 1995 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Подносителите на Предлогот на одлуката поднесоа амандмани на член 3 за додавање нова точка 12 и на член 4 за додавање нова точка 12 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе амандмани на член 3 за додавање нова точка 11-б и на член 4 за додавање нова точка 11-б со кои предлагачот на одлуката не се согласил.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе амандмани на член 3 за додавање нова точка 11-а и на член 4 за додавање нова точка 11-а и истите ги повлече на седницата на Комисијата за одбележување годишни ни на значајни настани и личности.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нова точка 11-6, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Молам, еден од предлагачите да излезе и да се произнесе.

Има збор господинот Ивановски.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Двата амандмани, амандман 2 и амандман 4 не се прифаќаат и од предлагачот на одлуката и од Комисијата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 1995 година.

Образложението за неприфаќање на амандманите е дадено во Извештајот на цитираната Комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање нова точка 11-6, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нова точка 11-6, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Бидејќи предлагачот се произнесе и по овој амандман, односно еден од предлагачите, молам, дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, за додавање нова точка 11-6, поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

XIV/4.-

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали е некој против?(3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за одбележување годишнини на значајни настани и личности во 1995

Преминуваме на **10-та точка** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1995 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеника).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Веројатно некој не гласал, бидејќи имаме кворум во салата.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за из- менување на Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1995 година.

Преминуваме на **11-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Работната организација за одмор и рекреација на деца "Младост" - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Работната организација за одмор и рекреација на деца "Младост" - Скопје.

Преминуваме на **12-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Комбинираната детска установа "Бамби"- Македонска Каменица.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за образование и наука и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Комбинираната детска установа "Бамби" - Македонска Каменица.

Преминуваме на **13-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена Медицински центар - Тетово.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација - Медицински центар - Тетово.

XIV/7.-

Преминуваме нај **14-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Свети Николе.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (56 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Свети Николе.

Преминуваме на **15-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Македонски Брод.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Македонски Брод.

Преминуваме на <u>16-та точка</u> - <u>Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Демир Хисар.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Демир Хисар.

Преминуваме на **<u>17-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Неготино.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Неготино.

Преминуваме на **18-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Гоце Делчев" - Делчево.

Преминуваме на **19-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница.

Преминуваме на **20-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Скопје.

Преминуваме на **21-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Берово.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Берово.

Преминуваме на **22-та точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација "Здравје" - Валандово.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64 пратеника).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Здравје" - Валандово.

XV/1.- ЛП/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Преминуваме на **Дваесет и третата точка**- Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот, на одлуката молам да крене рака.

63 пратеници се за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита - Скопје.

Преминуваме на **Дваесет и четвртата точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија- Охрид.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид.

Преминуваме на **25-тата точка** - Предлог на одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Аптека "9 Ноември" - Титов Велес.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот, на одлуката молам да крене рака.

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Аптека "9 Ноември" - Титов Велес.

XV/3.-

Преминуваме на <u>**26-тата точка**</u> - <u>Предлог на одлуката за разрешување на судија на Општинскиот суд за прекршоци во Куманово.</u>

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката , молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Срећко Крстевски е разрешен од функцијата судија на Општинскиот суд за прекршоци во Куманово поради исполнување на услови за старосна пензија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 19-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 18,45 часот.)